**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Единаесеттото продолжение на Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 јануари 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,11 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието господинот Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по 14-та седница на Собранието на Репулбика Македонија.

Пратениците: Љубисав Иванов Ѕинго, Зоран Витанов, Ристо Пенов Фиат Цановски, Јани Макрадули, Радмила Шеќеринска, Љубчо Герогиевски Данаил Дончев, Ѓорѓи Оровчанец и Абдуладі Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Точката - **Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за празниците на Репулбика Македонија, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по точката.

Има збор пратеникот Јагнула Куновска.

**Јагнула Куновска:** Почитувани колеги пратеници. . .

**Љубиша Георгиевски:** Се извинувам госпоѓо Куновска, но господинот Буџаку бара процедурално, односно бара реплика на дискусијата од господинот Поп Арсов од седницата во петокот.

**Агрон Буџаку:** Господинот Поп Арсов, во петок во 17,15 часот имаше дискусија а по него се јавив за процедурално, но потпретседателот ја прекина седницата.

За да бидеме на јасно за да ги спроведеме, барем ние, процедурите ако веќе вие не ги спроведувате, процедурата е во ова.

Репликите се уредени со Деловникот така што тука не можете да не спречите, можете да се обидете за други работи додека дискусијата на господинот Поп Арсов, во неа беа нагласени неколку елементи во однос на законот кој беше и е на дневен ред тоа е законот за празниците и тоа што ми остави впечаток, покрај претходните расправи и дебати од пратениците било да се од мнозинството или кажано подобро од ВМРО ДПМНЕ кои единствените го поддржуваат овој закон. Тоа можам да го потврдам и со стенограм дека господинот Поп Арсов рече дека потребата од донесување на овој закон кој е многу чувствителен и е во однос на меѓуетнички, меѓуверски односи и со уредување на празничните денови како што е името на самиот закон, го донесуваме сега додека аргументите на почитуваните колеги кои беа против донесување на овој закон во овој момент велејќи дека треба да се донесат закони од областа на економијата кои ќе го намалат невработувањето, ќе го зголемат економскиот развој, господинот Поп Арсов им одговори со тоа што ете ние сме имале време 16 години да се занимаваме со овие работи, а сега ќе се бавиме со празниците.

Или на имплицитен начин се подразбира така како што кажа почитуваниот колега дека ние нема да се занимаваме со намалување на невработеноста и со развој на економијата, туку ќе се занимаваме со чувствителни прашања, со празниците.

Можеби се работи за неговото неискуство. Не е мој начин на дискусија да навредувам некого, но мислам дека тој на отворен начин кажа која била досегашната демагогија на ВРМО ДПМНЕ, а која е реалноста. Оваа реалност ние постојано ја нагласуваме, но еве беше кажано од пратеник од мнозинството дека нема да се занимаваат со економски прашања, туку ќе се занимаваат со чувствителни прашања како што е Законот за празниците било верските или државните.

**Љубиша Георгиевски:** Поп Арсов контра реплика една минута, повелете.

**Петар Поп Арсов:** Благодарам претседателе, благодарам господине Буџаку на вашата реплика.

Вие како искусен пратеник треба малку попрецизно да ги слушнете нашите формулации еве конкретно мојата формулација за тоа со што треба ние да се занимаваме покрај нашето примарно економскиот дел за развој на Републбика Македонија и празниците се исто така многу важен детал во севкупната слика што ние ја правиме за Репулбика Македонија.

Јас реков дека 16 години секогаш кога ќе дојдеше еден ваков проект овде на Собранието аргументите беа дали е токму сега моментот и дали токму сега треба да се решава тоа и секогаш тие работи се одлагаа. Паралелно со тоа економскиот момент што 16 години се обидуваме да го решиме, никако не успеавме да го решиме. Приоритет е токму економскиот момент кој оваа Влада се труди да го реши во Репулбика Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има госпоѓа Јагнула Куновска, повелете.

**Јагнула Куновска:** Почитувани колеги пратеници, почитуван претседател на Собранието,

Надоврзувајќи се на некој начи на сите претходни дискутанти посебно како што денеска отпочнавме со оваа точка, сметам дека сите прашања кои во ова Собрание ги третираме подеднакво се важни било да се од духовната, било да се од материјалната природа за опстојување на еден човек. Бидејќи животната кошничка на секој од нас не ја полни само храната, туку ни е потреба и една духовна опскрба.

Повеќе од два дена изгубивме оптоварени околу Предлог законот за државните празници, што сметам дека не е во ред, тој закон треба да се донесе, тој закон треба да биде одраз на нашата традиција, обичаите на државноста на Република

Македонија. Едноставно сметам дека Законот кој треба да се донесе треба сите да не оплемени и да не поврзе, а во никој случај да не ни служи едноставно како причина да велиме тој не треба денеска да се донесе, да се одложи, имаме прашања кои претходно треба да ги решиме. Како што реков, сите прашања се важни. Ако не се донесе, тогаш без вакви закони животот на човекот е многу посиромашен.

Слушајќи ги дискусиите на повеќето колеги тука во Собранието, сметам дека намерно некои од дискусиите се оддалечуваат од темата. Дојдов до заклучок дека спротивно на тоа поради кое ние сме тука, а ние сме да ја штитиме државата преку ова Собрание, се обидуваме секој од нас да го штитиме личниот интерес или интересот на групата на која припаѓаме.

Мој заклучок е дека државата ја гледаме секој од нас како што ни одговара. И така ја именуваме.

Слушам дел од колегите употребуваат изрази Македонија е мултиетничка заедница, Македонија е мултиконфесионална заедница, Македонија е мултинационална држава, Македонија е мултикултурна држава, итн., се во знакот на мулти.

Мислам дека нема мера кога и кој од овие изрази употребуваме. Можеби немаме познавања за некои од изразите, сега сакам само добронамерно во оваа смисла, но се мислам дека дел од пратениците во оваа смисла конструираа тези. Треба да се знае дека Репулбика Македонија е унитарна држава. Македонското општество е мултиетничко општество, мултикултурно исто онака колку сите општества во овој свет се мултиенички. Ретко каде во светот имаме чист етникум да живее на една помала или поголема територија. Треба да знаеме дека етносите се група на луѓе. Етносите не создаваат држава и не може во таа смисла да речеме мултиетничка држава. Мора да правиме една градација, да се задржиме само на општество. Држава создава нација и кога велиме мултиетничка држава Македонија по Устав не е тоа, Македонија е унитарна држава. Кога говориме за мултиетничка држава мислима на бинационална, тринационална држава, ве молам, ние многу напред отидовме или во некое невреме.

Нешто друго, тоа што зборуваме така е против уставно поради тоа што Македонија е унитарна држава. Суверенитетот по Устав во Македонија не е даден на етникумите, не е даден ниту на нација, суверенитетот е даден и произлегува од граѓанинот и за граѓанинот. Сметам дека ние овде во Собранието сме повикани тоа да го штитиме и да го одгласаме. Ако работиме спротивно на тоа секој час не може еден на друг да си доскочуваме и да се корегираме освен доколку немаме некои тези кои сакаме така да ги пласираме, како што не е прв пат. Тука ќе застанам во врска со тоа.

Законот за државните празници како што е поделен наверски и државни празници. Верските празници, слушнав од дискутантите, се бара колку што се православни толку да се и на етничка група која припаѓа на муслиманите. Ве молам, факт е дека во Репулбика Македонија граѓаните повеќе од 70% се христијани, а од тоа добар дел се православни. Да не одиме под наводници така цинично ќе го наречам по Бадентер колку мене, толку тебе. Јас немам ништо против верските празници. Јас ги почитувам сите вери и сите празници, немам ништо против припадниците на муслиманската вероисповест, на ромската, на влашката, да добијат свои празници, но не ние да одиме како децата колку ти, толку и јас. Некои норми треба да воспоставиме кои треба да ги почитуваме.

За државните празници сметам дека треба да произлегуваат од поднебјето на државноста на Репулбика Македонија. Тие државни празници треба да ја манифестираат нејзината државност. Слушав разни дискусии. Јас во ова Собрание ги почитувам сите идеи, сите дискусии и молам и моите така да се сватат, со почит. И моето мислење исто така, како што го ценам мислењето на другите сакам и своето да ми го ценат во смисла националните и државните празници на било кои други држави, кои симболизираат државотворност на друга држава не можат да бидат државен празник на Репулбика Македонија. Дури одам до таму, што мислам дека и дипломатски е недопуштено. Бидејќи во Македонија живеат етникуми кои во соседството поблиску или подалечно имаат свои матични држави, сметам дека националните празници од својата матична земја и државните празници од својата матична земја со чест и наша почест можат да ги слават како приватно славје во оваа држава, бидејќи ги чувствуваат.

Слушам барање 13 август денот на Рамковниот договор исто така да биде државен празник. Мислам дека тука има и цинизам. Се оди до таму, вели треба да биде, бидејќи државноста на Македонија, и конституирањето на Македонија. Жал ми е што интелектуалците тоа го употребуваат кои можат да направат деградација на сите тие изрази. Се заборава дека Македонија е конституирана и државотворна од многу поодамна, не мислам да навлегувам кога и како. Охридскиот договор кој така се форсира треба да се знае дека дел од нас е спорен во некоја смисла, еве јас како правник кој сиот животен век го имам поминато во судството, велам за мене тој е ништовен договор. Сега, тоа е мое, јас си го почитувам моето, како што имам почит, но и аргументација за другото мислење.

Многу помалку ќе имаше расправање по повод овој Предлог на закон за државни празници доколку не беше предложен 23 октомври како ден на Македонската револуционерна дејност, ден на македонската револуција. Слушам, многу дискутанти за и против овој празник. Јас ќе дадам свое мислење. Мислам дека 23 октомври треба да се озакони како ден на Македонската револуција, да биде кренат на тој пиедестал. Точно е, како што слушав од некои дискутанти,

дека и пред оваа дата имало востанија, но не може сите дати да ги земеме, мора некоја помаркантна случка да ја искористиме и во таа смисла тој ден да го земеме за државен празник.

Зошто сметам дека овој ден треба да биде празник на државата Репулбика Македонија? Затоа што од група револуционери, јас така ги именувам револуционери, пред еден век 23 октомври 1892 или 1893, не е важно, а за мене е многу важно што прв пат на светската политичка сцена се слушна барањето да се реши прашањето за Македонија. Во таа смисла концептот на овие револуционери кои велат самобитна односно автономна Репулбика Македонија. Ова се факти со кои не може да се шпекулира и никој не може да ги оповргне овие работи. Од оваа вистина произлегува и една друга вистина, а тоа е дека со текот на времето, со менувањето на објективните околности, бидејќи ова не е работа што трае една година, се произлегува од таа организација, имаме централисти, врховисти кои имаат по различен пат, идеолошки за постигнување на единствената цел, тоа е автономна, самобитна Македонија. Јас нема да навлегувам кои беа централисти, кои беа врховисти. Само ќе речам сите овие борци кои избраа можеби различен идеолошки пат сите тие се бореа за Македонија. Ниту сегашната генерација македонци, тоа се сите граѓани на оваа држава, ниту минатите генерации, а да служиме како показ за идните генерации, тоа не смее да се заборави. Овие борци, нивната идеа, нивната кауза е предвестие, следбеник на нив е Илинденското востание. Илинденците се бореа под знамето на ВМРО, тие се бореа за автономна Македонија, за самобитна Македонија. Нашиот втор илинден АСНОМ-ска Македонија, тоа е продолжение на оваа дата која некој од нас сака да ја оспори. И, третиот Илинден на Македонија кога Македонија конечно после еден век зачната идеја и борба, кауза за самобитна, стана самобитна Македонија. Затоа мислам дека тука треба да бидеме сосема јасни и сосема единствени.

Слушам дека овој закон требало да се донесе во две фази. Јас сметам дека не треба да се донесе во две фази, тој треба да се донесе овие денови, денес, или утре, и по однос на тоа ние треба, замислете ако треба за еден закон за празници да дебатираме по една недела, тогаш ова Собрание арно имаме намера опструкции да вршиме и ништо друго што е, како што велат, важно за економијата и нешто побитно, што јас не би одвоила побитно и помалку битно за да може да се проследи во ова Собрание.

Имаше предлог да се биде во две фази, бидејќи треба да има дебати од историчари, од академици да го слушнеме мислењето на народот. Јас сметам дека историчарите до ден денеска си го кажале тоа нешто ако имале што да кажат исто како академиците. Но, ако ние чекаме историчарите да ни ги расчистат контроверзите кои тие ги создадоа, тоа нема никогаш да го дочекаме. Затоа сметам дека сами треба во ова Собрание да одлучиме и да го донесеме овој закон.

На крајот уште нешто, не треба да го обезвреднуваме големиот ден на Македонската револција само поради тоа или поради завист што политичка партија предзнакот го носи на своето име ВМРО. Тоа е една друга работа на која не треба така кусогледо да гледаме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика на Теута Арифи, повелете, три минути, потоа Сафет Незири, па Тахир Хани, Блерим Беџети, Рафис Алити. Сите сте за реплика?

Повелете, со тој редослед одиме.

**Теута Арифи:** Благодарам.

Почитувана госпоѓо Куновска, би сакала да реплицирам на еден дел од вашата дискусија.

Ценам дека од тоа што го имавте како дискусија, мислам дека претежно беше подолга реплика на нашите претодни дискусии. Од тоа можам да заклучам дека ви пречи терминологијата што ние ја користиме, терминологијата во која велиме дека нашата држава е мултиетничка и дека нашата реалност е мултиетничка и мултиконфесионална. Тоа е една реалност која не може да биде променета. Впрочем и предлогот за празниците само го докажува тоа, ја докажува таа реалност. Напротив, сметам дека вашата терминологија што се обидувате да ја импонирате промовира конзервативизам и исклучивост, што мене лично не ми се допаѓа.

Исто така имавте една реченица каде вели дека државата ја создава нацијата. Да, тоа е дефиниција од 19-от век во однос на формирањето на државите каде етноцентристичкиот принцип лежи во темелите на државите. Сепак модерните држави апсолутно се поефикасни кога би успеале да изградат мултиетничка демократија која би била добар модел за Репулбика Македонија и добар модел за многу други балкански држави.

Впрочем, само да ве потсетам, дека преамбулата на нашиот Устав гласи: ја дефинира државата како држава на Македонскиот народ, но исто така и на дел од народите Албанци, Турци, Бошњаци, Срби, Власи, значи дел од другите народи каде апсолутно се промовира еден мултиетнички концепт во самата преамбула и дефиниција на државата.

На крајот само да нагласам, без разлика колку вие имате дилеми, Охридскиот Рамковен договор е државно достигнување на сите граѓани на Републбика Македонија, државно достигнување кое не носи пред портите на Европска унија и на НАТО. Сакате вие или не во последниот Извештај на Европската комисија за нас во политичкиот дел најмногу се зборуваше за Охридскиот рамковен договор колку сме успешни во неговото спроведување.

Затоа, без разлика на дилемата дали овој значаен дел треба да најде место во градењето на ставот кон државните празници и да се

поврзува со делот на нашата нова историја што се вика Охридски рамковен договор. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Јагнула Куновска има контра реплика една минута. Повелете.

**Јагнула Куновска:** Се извинувам, но јас никого не спомнав намерно, ниту имам намера на реплика реплики да давам, ниту ќе ме слушнете некогаш во ова Собрание тоа да го направам. Тоа што мислам јас ќе го кажам. Го почитувам своето, го почитувм и туѓото мислење. Сите со факти работиме, а секој тоа што го слуша нека го прифаќа онака како што мисли. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Незири Сафет, повелете со вашата реплика три минути.

**Сафет Незири:** Ви благодарам.

Претходната дама што зборуваше, јавноста во Македонија ја познава за каква личност станува збор, но жалам кога една личност која е по професија правник не и мисли добро на државата и мисли да ја дегенерира државата со своите политички ставови-тогаш тоа го прави само Јагнула Куновска. Меѓу другото, таа бара од сите нас присутни да ја браниме државата. Се поставува прашањето, јавно прашање: од кого ние треба да ја браниме државата, според тезата на госпоѓата Куновска од самите граѓани на Република Македонија, од сите тие кои се државјани на Република Македонија, од пратениците на Република Македонија и тн. Само една работа да и биде јасна на госпоѓа Куновска. Македонија е дефинирана како унитарна држава, што значи дека е неделива територија. Правник е и добро треба да ги знае овие работи. Не е потребно јас да и држам предавање од правен аспект. Но од друга страна, е сосема друга реалноста дека во Република Македонија живеат повеќе националности со различна верска припадност, што значи дека реалноста дека сме ние мултиетничка и мултиконфесионална држава.

Во однос на другиот дел од нејзиното излагање, факт е дека во Република Македонија има еден поголем процент под хиристијанското население, но ова не значи дека во Република Македонија треба да им се забрани и на другите верски заедници нивните празници да бидат на ниво на државни празници. Исто така, сакам да ви укажам дека 23 октомври-основањето на Револуционерната македонска организација не е направено со Република Македонија, туку таа е основана во Турската империја, а во тоа време таму работеле и Призренската лига, Албанската призренска лига, но тука е и ВМРО се разбира во тој дел, кои работеле на една заедничка територија и соработувале во насока на автономија на нивните територии во рамките на Турската империја. Поради тоа мислам дека овие празници не се празници од аспект на државотворноста, туку се од аспект на националностите, каде и Албанците живеат во Република Македонија. Неслучајно спомнав во мојата расправа дека овие празници треба да бидат во државните празници, затоа што живееме заедно, постапуваме заедно и треба да ја сочуваме и да ја градиме заедно државата, а не како што предлагате вие со вашите идеи да ја уништиме државата.

Вашиот цинизам во однос на 13 август, вие предлагате и тоа е цинизам од ваша страна, вие се враќате назад и мислите лошо на Македонија, бидејќи новата Македонија е од 13 август наваму. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали има контра реплика? (Нема).

Значи нема да има контра реплики во овој случај.

Господине Рафис Алити, повелете вие со својата реплика, имате три минути.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Навистина многу убаво кажа почитуваната колешка дека секој има право да го каже своето мислење, а колку од нашите размислувања тука се прифаќаат во оваа сала е нешто сосема поинаку. Меѓутоа, значајно е како не прифаќа пошироката јавност, нашите размислувања и ставови и мислам дека треба да говориме со јазикот на аргументите. Доколку понудиме аргументи, сигурно јавноста ќе ги ислуша истите.

Факт е тоа што го вели госпоѓата дека празниците се душевна храна и етничките заедници исто така имаат потреба од таа душевна храна. Сакал тука некој да признае или не, албанската етничка заедница е втора заедница тука во земјата, додека пак во листата на државни заедници немаме ниту еден празник на албанската етничка заедница, нешто за што треба да размислат сите, и парламентарното мнозинство и опозицијата зошто е тоа така. Добро е што со Крушевската републка со која нашата историја или јас како Албанец се идентификувам, меѓутоа, ќе беше добро, само да ја потсетам госпоѓа Куновска да земе да го прочита Манифестот на Крушевската Република и да види кој уствувал и кој бил во тој состав од етничките заедници, колку дале придонес во тоа време во таа насока. Меѓутоа, истовремено треба не само Куновска туку и овој парламентарен состав, но и тие што биле пред нас, да земат и да анализираат кога се понуди на другите етнички заедници во Крушево да учествуваат со своите програми на тие културни манифестации. Дали се дозволило некогаш таму да се испее албанска песна, за да се идентификувам и јас со тој празник. Добро е кога ги повикуваме народите да се ослободиме од некого, меѓутоа, ги искривуваме потоа работите во текот на нашето дејствување. Ова се случува во Република Македонија. Што се однесува на Охридскиот рамковен договор, сакал некој да прифати или не, тоа е друга работа. Меѓутоа, тие што не го признаваат, не го прифаќаат Охридскиот рамковен договор, треба да размислат дека неприфаќањето на предлогот за Охридскиот договор како државен празник ќе отвори други процеси во Република Македонија. Мислам дека сите ние се занимаваме со

политика и знаеме што правиме во оваа насока. Може да не го прифатиме, меѓутоа, тој договор е потпишан од поголемите партии, релевантни партии во земјата менаџирани од поранешниот претседател и потпишан и од меѓународниот фактор. Доколку со оваа логика се настојува тука да се инсталира дека со ова што го прави оваа Влада се оди во Европа, мислам дека го правиме токму спротивното. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Блерим Беџети, повелете вие со својата реплика.

**Блерим Беџети:** Ви благодарам.

Бидејќи по вокација сум правник, за мене е загрижувачко јавното изнесување на пратеникот Куновска, која исто така по вокација е адвокат, односно правник. Но загриженоста е уште поголема поради фактот што госпоѓа Куновска е пратеник од парламентарното мнозинство и во правната терминологија искажа дека Охридскиот договор за неа лично е ништовен. Да, навистина има ваков збор во правната терминологија, ништовност, но сериозно парламентарното мнозинство треба да се огради од ова што го искажа и од оваа реченица на госпоѓа Куновска, која е дел од парламентарното мнозинство. Ќе ве потсетам, но нема да ја прочитам ниту преамбулата, ниту нешто друго. Охридскиот рамковен договор, почитувана госпоѓа Куновска, е инкорпориран во Уставот. Доколку за вас е ништовен Охридскиот договор, за вас лично, тоа можете да го направите во вашиот дом, а не како пратеник, бидејќи тогаш ништовен е и Уставот. Доколку е ништовен и Уставот, тогаш можеби и јас треба да почнам да размислувам во оваа насока дали има устав и закони, имајќи ги предвид сите овие аномалии кои се случуваат во Република Македонија по изборите од 5 јули. Ве молам да бидете поодговорни во текот на вашето излагање, да имате поголема одговорност како парламентарно мнозинство и тоа многу поголема одговорност. Не можеме со ваков политички дилетантизам, не ми изгледа добар и од една личност, а камо ли од еден пратеник. Ова се вашите образложенија, од аспект на процентот дека нашите забелешки паралелно на овој Закон за празниците се многу аргументирани. Нашите пратеници ги аргументираа многу добро нивните забелешки, а вие воопшто не сте ги сослушале или многу длабоко сте бетонирани во вашата ништовност. Уште еднаш ќе ве прашам, доколку е ништовен Охридскиот рамковен договор кој е дел од Уставот, што е за вас тогаш Уставот? Ако е Уставот ништовен, тогаш како функцинира оваа држава. Благодарам господине Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Хани Тахир, повелете сега вие со својата реплика од три минути.

**Хани Тахир:** Почитувани пратеници, госпоѓа Куновска која говореше малку порано не е ниту првата ниту последната со еден таков став дека Албанците не се државотворен народ во Република Македонија. Јас сакам да нагласам дека организирањето на државната власт се заснова врз три основни столбови и тоа: Парламентот како законодавен орган и според нејзиниот концепт Албанците воопшто не треба да бидат составен дел од овој Парламент како националност, туку треба да бидат како граѓани кои не го содржат државотворниот елемент. Исто така, и составот на претседателството за работа на Парламентот не би требало да има еден потпретседател по клуч на тоа дека и тој треба да биде задолжително Албанец. Доколку го гледаме овој орган, и овој орган е составен со државотворноста на Албанците, како што беше нагласено мои колеги од ДУИ и ПДП и Охридскиот рамковен договор го реши овој проблем затоа што овој проблем го имавме со првиот Устав на Република Македонија кој беше донесен во 1991 годинам, кога немаше ниту нула проценти поддршка од Албанците во оваа земја. Секој треба да го постави прашњето пред себе зошто Албанците во Уставот од 1991 година дадоа нула проценти поддршка на истиот, зошто дојде до конфликтот во 2001 година и каде ќе не води доколку Албанците се елиминираат од државотворноста на оваа држава.

Вториот орган е извршниот орган. Значи и Владата нека повели и господинот Груевски и секој друг нека состави влада која ќе биде еднонационална и да видиме колку ќе може да функциноира.

Третата област е судството. Го имаме Републичкиот судски совет и нека повелат нека го основаат без клучот на Бадинтер и без учеството на Албанците. Ве молам, Македонија не само што е мултиетничко општество и мултиконфесионално, туку е и мултиетничка држава. Ова е реалноста и ние треба да признаеме, доколку се очитуваме меѓу себе и доколку сакаме оваа држава да биде стабилна. Дали тоа некој го прифаќа или не е друго прашање, меѓутоа, доколку некој реално мисли дека не е мултиетничка држава, тогаш нека повели да ги елиминира Албанците од сите државни органи кои постојат во земјата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, драги колеги, почитуван министре Мешков,

Се јавив со намера да кажам неколку зборови и мои лични ставови за Предлог-законот за празници. Добра е намерата на Владата да го регулира и овој дел од законодавството, со тоа што сметам дека можеби доколку одеше низ широка расправа и во две фази и законот ќе беше побрзо и поедногласно донесен. Едноставно сметам дека имаше одредени термини и датуми кои во Предлог-законот има мали проблеми да бидат “сварени” условно речено од сите пратеници, и сметам дека можеби донесувањето на овој закон ќе беше добра прилика за едно, условно речено, национално помирување во сите сегменти.

Втора работа зошто сметам дека можеби имавме време и желба, можеби и потреба да работиме на некој друг закон од економска сфера, бидејќи кога граѓанинот на Република Македонија има полн стомак, сите денови му се празници и она што господинот Бучковски го зборуваше пред неколку дена па и сите ние, нашата желба да отидеме кај нашите соседи од православна или муслиманска вероисповест или од било која друга и да им честитаме празник значи и голем товар. Денес на некој да му дојдете на гости треба да издвоите пари од буџетот.

Затоа, сметам ако оваа Влада направи напори и го подобри буџетот на граѓаните на Република Македонија не е проблем да имаме и повеќе празници и сите среќни и радосни да ги прославиме.

Она за што сакам да зборувам и дададам апсолутна поддршка е во одреден дел од празниците на пример 24 мај-Свети Кирил и Методиј, Ден на сесловенските просветители е нешто со што ние Македонците можеме да бидеме горди, ние дадовме писменост на половина Европа и сметам дека овој ден треба многу позначајно да се прославува и да му се даде поголем приоритет, затоа што шетајќи по Европа бев сведок во одредени земји каде што нашите просветители оделе и имаат многу поголеми обележја и монументални споменици, па сметам дека ние како Македонци не им се оддолживме онака како што треба.

Она што најмногу овие денови предизвикуваше расправа е 23 октомври, Ден на Македонската револуционерна борба. Јас имам личен став и би сакал да го кажам низ неколку реченици. Мене лично не ми пречи, меѓутоа, јас бев можеби повеќе подготвен да го гласам како Ден на ВМРО како државен празник и тоа апсолутно стои, затоа што сите овде што зборуваа никој не кажа дека тоа веќе станува како традиција со четирите златни букви. Сите ние во себе носиме ВМРО, особено што и традицијата и постулатите на кои се развивала таа револуционерна организација ги вклучувале сите граѓани без разлика на вера и нација, кои сакале да се борат за правда, еднаквост и слобода во Република Македонија. Мислам дека затворање само со ВМРО како Ден на револуционерната борба ние како Македонија се ограничуваме, затоа што има уште неколку датуми кои сакам да ги кажам, кои одат и малку подалеку, за кои можеме ние да зборуваме дека во Република Македонија револуционерната борба малку подолго трае. Една од тие дати е 5 односно 17 октомври 1878 година, кога четите на војводите Димитрија Беровски и Стојан Караспилов со 400 востаници го дигнаа Кресненското востание. Тоа е еден светол пример и тоа не е обично востание. Ние можеме да спориме, а верувам дека добар дел од колегите и подобро го знаат ова, дека во тоа време Софискиот коминтен "Единство" испраќа дури свои емисари Халников, Воткиевич и други со обид да го смират востанието, да ги минимизираат, да предизвикаат незадоволство и расцеп во редовите на раководството. Откако не успеаа да го сторат тоа на мирен начин, тие ги убиваат војводата Карастулов и неговите најблиски соработници, а началникот на штабот е затворен. Се гледа дека било вистинско востание, затоа што во тоа време се донесени и правила, Устав на Македонскиот востанички комитет од 1878 година и дека била сериозна акцијата на македонските востаници.

Втор ден е исто така 20 мај 1876 година, Разловачкото востание со Димитар Попберовски и сакам да кажам дека можеби било кој од овие датуми, само како една добра намера, да кажам дека на Македонската револуционерна борба може малку подлабоко да датираат корените, дали тоа би било востанието на Ѓорѓе Вотик, Петар Дељан, не би сакал нашата револуционерна борба да се сведе само на тоа дека има да developing речеме 100 години или 120-130 години времетраење.

И она што очекував лично, а што мене ме зачуди е зошто нема предлог, иако е малку шкакливо за 20 јули како роден ден на Александар Македонски, некој како што го прекрстил Александар Велики и не е предложен како државен празник. Јас лично немам илузии и лично сметам дека тој по род е Македонец и дека тој датум заслужува внимание. Меѓутоа, признавам дека заради политичките прилики и состојби тој датум не е вметнат како државен празник, меѓутоа, се надевам дека со тек на време и ние ќе најдеме, ќе смогнеме храброст, ќе се смогне храброст еден од најголемите луѓе во светот, човек великан, Македонец кој што ја ширел македонската идеја на благороден начин, да биде празник.

Она што мене ме плаши 23 октомври еве и да го изгласаме да не биде утре, бидејќи некоја друга партија од некоја друга држава го земала името на ВМРО, па да не направи проблем и да не не натераат и тој датум да го смениме. Затоа, и ако го изгласаме очекувам ова да биде само наш македонски закон.

И она на крај што сакам да го кажам, сакам да се заблагодарам на слухот на оваа Влада и на делот на парламентарното мнозинств во разговорите со етничките заедници, кога колегите Кенан Хасипи и Нeждет Мустафа предлагаа и денови на празници за етничките заедници, кои во разговор со координаторот на пратеничката група, тоа е пратено до Владата, искажаа подготвеност за 28 септември да биде ден на Бошњаците, бидејќи тоа е меѓународен ден каде што пред 15-тина години 250 интелектуалци од цел свет Бошњаци на еден состанок на 27 септември одлучија 28 септември да биде ден на Бошњаците во цел свет. Се надевам дека со амандман од Владата ќе биде прифатено и тоа е еден обид и дел на приближување на сите оние граѓани во Република Македонија што искрено ја сакаат оваа држава и сакаат прогрес, дека ќе најдеме заеднички причини заедно да прославуваме, да се радуваме и да честитаме и да се веселиме, а и заедно да работиме за мир,

коегзистенција и за една европски и НАТО ориентирана Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** И јас ви благодарам.

Со посебен пиетет ве слушав, ми се чини дека вашето излагање содржи во себе една длабока порака и јас би ја формулирал, ако ми дозволите, вака: Кој не сака да слави свој датум и свои празници, ќе слави туѓи. Во таа смисла, ви благодарам уште еднаш.

Сега за збор се јави господинот Садула Дураку, но ќе го прашам господинот Дураку дали ќе може да ја заврши дискусијата во ова време или преферирате да зборувате после паузата? (После паузата). Благодарам.

Објавувам пауза, а потоа ќе продолжиме.

(Пауза за ручек)

(По паузата седницата започна со работа во 15,04 часот, а со седницата продолжи да раководи господинот Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија)

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата да продолжиме со работа, а воедно да го повикаме и претставникот на Владата да влезе во салата.

Бидејќи претставникот на Владата е присутен во салата продолжуваме со претресот по 23-тата точка.

По редоследот има збор пратеник, господин Дураки Садула. Повелете.

**Садула Дураки:** Ви благодарам.

Почитуван претседавач, дами и господа пратеници толку колку што не има присутни во оваа сала.

За изменувањето на Законот за празниците многу се кажа од претходните мои колеги, се искажааа многу нешта, многу работи. Ќе се потрудам да не се повторувам, да бидам што пократок и што појасен, се со цел претставникот од Министерството за труд и социјална политика правилно да ме разбере, а и сите присутни од мнозинството на оваа седница.

Пред нас е Предлог за изменување и дополнување на Законот за празниците, што е донесен со една толку голема брзина, што, наместо празниците да преставуваат обединување на заедниците, со овој Предлог заедниците ги делат, всушност врши поделба во заедниците. Кому му треба овој Предлог, токму поради оваа укажана брзина, без претходни консултации со сите заедници кои постојат во Република Македонија, бидејќи се повикуваме и трубиме на големо дека Република Македонија е мултиетничка држава, мултиконфесионална и мултикултурна джава.

Токму повикувајќи се на тоа што го кажав претходно, беа потребни претходни консултации, да се консултираат сите заедници во Република Македонија, да се консултираат културните институции исто така, исто така и да се консултираат лицата и Академијата, кој имаат поголеми сознанија за празниците и датумите, затоа што Република Македонија во својот Устав е секулана држава. Но, од правен и уставен аспект е вистина дека е исто така, но со овој закон личи, доколку некој кој не го познава државното уредување на оваа земја се десекуларизира државата. Што значи дека не одиме кон тоа што е наведено во Уставот, туку одиме кон тоа, десекуларизација во Република Македонија, значи се настојува на еден начин или преку измените на закони, наводно, дека ние во оваа држава го вршиме тоа и се оддалечуваме од она што сме биле во изминатите 50 години.

Вие, почитувани, вистина е дека поранешните цивилизации, луѓето се приближувале врз основа на верските идеологии. Вистина е и тоа дека во Република Македонија голем придонес имаат дадено верските идеологии во нашава република. Но, дали само преку верските идеологии ќе се демократизира оваа република, оваа наша држава? Јас мислам дека не. Претходно, треба да направиме многу поголеми други работи отколку да носиме измени на Законот за празниците каде што на овој начин ќе се поларизираат 2-3-4 заедници во Република Македонија.

Вистина е и тоа дека со овој Закон за празниците, се работи за државни празници и празници на Република Македонија. Во државните празници се предвидени 6 празници, додека во празници на Република Македонија се предвидени 5 празници. На овој начин, пред нашите граѓани, а има и многу други празници што ги слават заедниците, нашите граѓани ќе се радуваат бидејќи ќе уживаат во текот на 365 денови. Но, ова личи на тоа дека актуелната Влада се занимава вон од тоа што го кажала до сега, дека ќе се занимаваме само со економските проблеми, а никако и со други проблеми.

За економското прашање, кога ќе дојде редот ќе говориме.

Тоа што кажав претходно, дека се врши поларизација, јас припаѓам на албанската заедница, вистина е дека кај албанската заедница постојат многу верски идеологии од корист на цивилизацијата на една нација. За мене е прифатлив празникот Велигден исто како празникот Бајрам. Јас исто така го прифаќам и празникот на Евреите. Но, дали овде, навистина чекориме во една оаза на државните празници, само имајќи ги предвид само верските празници? Јас мислам дека не чекориме во таа насока.

Реков и претходно дека во мојата заедница се прифаќаат сите верски празници. Јас ги прифаќам овие празници, затоа што во нив, навистина е празничен амбиентот, без разлика на јазикот и двата празници исто како Бајрам, така и Велигден, кај самите Албанци имавме внатрешно обединување, бидејќи имаме православни и Албанци католици. Меѓутоа, и од македонската заедница имаме и православни и

муслимани. Така што, на овој начин ќе не обединат.

Но, се поставува следново прашање, дали Албанците сакаат да се идентификуваат само со верските празници, без еден национален празник да има во Република Македонија, кога се знае дека оваа држава ја изградивме заедно? Бидејќи заедно ја изградивме оваа држава, треба да имаме заеднички празници за да се почитуваат и другите празници, да не дојде зборот - толку колку што ме почитуваш толку и јас ќе те почитувам. Мислам дека со овој закон не се почитувала албанската заедница. И, сега некој очекува албанската заедница да ја почитува македонската заедница.

Ве молам, ние сме во 21-от век, Албанците веќе не се оние од 18-от и 19-от век. Да не бидат почитувни, додека пак тие секогаш да бидат оние кои ќе ги почитуваат и другите. Доколку сакаме, навистина ја сакаме татковината, а оваа татковина е Република Македонија и за нас, Албанците, тогаш навистина треба да имаме еден сериозен пристап и кон овој закон за празниците и кон другите закони.

Кај државните празници на Република Македонија е наведен 23 октомври, Ден на македонската револуционерна борба. Го поставувам следното прашање до моите колеги и историчарите, нешто малку повеќе сум прочитал од историјата и во однос на историјата на мојот соседен народ и моите соседи со кои соживуваме, заедно живееме во оваа република, но малку повеќе ова сум го прочитал во мојата национална албанска историја.

Во Отоманската империја, навистина беа формирани овие организации за да се ослободат од таа империја. Сите заедници во Република Македонија содејствувале, цитирам “содејствувале” а кога ќе кажам дека сме содејствувале, сите барале да се ослободат од тогашната империја што владеела. Со формирање многу ВМРО-а во Република Македонија, но и пошироко што биле формирани овие ВМРО-а соработувале со Националното албанско движење. Ќе ги потсетам моите колеги, мои соседи од македонската заедница дека во албанското движење со албанското движење раководеше Асан Приштина кој, со многу други движења во Република Македонија соработувал. Многу пати се средтнал со ВМРО и ги координирале нивните дејности и активности за да се ослободат од заедничкиот окупатор. Токму и во 1912 година заедно со ВМРО и Албанското движење го ослободиле Скопје. Вие знаете дека Иса Бонедин беше во Скопје. Знаете дека беше и Асан Приштина во Скопје. Тогаш, доколку навистина ја почитувате албанската заедница, зошто не е набројан во ова ВМРО и еден заеднички празник, тоа е уште еден заеднички празник каде содејствувале Албанците, тоа значи и Албанците да го почувствуваат празникот што е вметнат во овој Предлог за празниците.

Ова е она што ме наведе да земам збор и јас мислам дека заедно, како наше движење, без разлика дали ќе биде државен или нема да биде државен, без разлика дали ќе биде празник на Република Македонија или не, но ние сме во Македонија, сме присутни, живееме овде во Македонија и ќе бидеме и понатаму, бидејќи не е средновековие, туку сме во 21-от век. Овие празници за нас, ние ќе ги чевствуваме и славиме, помалку или повеќе, со поголема или помала помпезност, но сигурно дека ќе ги славиме.

Меѓутоа, проблемот е во тоа колку се почитуваат двете заедници во 21-от век кога ние претендираме да бидеме во големото европско семејство? Во големо европско семејство, не почитувајќи една заедница што е сосед и имаат заеднички дејци за оваа наша држава, е неможно, неможно е да бидеме членка на тоа големо европско семејство. На овој начин за да бидеме во големото европско семејство е добро во овој Закон за празниците да се стави и 13 август, што навистина претставува една нова Македонија, што навистина претставува една демократска Македонија и кој датум навистина може да се нарече оаза на демократијата на Република Македонија. Но, не да се нарече Република Македонија оаза на демократија не пожитувајќи една вистина што се случила до сега.

Токму на 13 август се согласија двете најголеми заедници во Република Македонија и за едно сме повторно во овој Парламент на Република Македонија. Некој сака да го запостави ова, но ќе ги направиме истите грешки што беа направени од поранешните генерации.

Почитувани пратеници,

Мислам дека сносите одговорност, поранешните грешки што ги направиле другите генерации, ние во овој век, во овој нов век не ни се дава право, на нашите идни генерации и понатаму да ги имаат истите проблеми што сме ги имале и досега.

И, кога се говори за празници на Република Македонија, кај државните празници на Република Македонија ние имаме и празници што ги слави само една заедница. Зошто тогаш азбуката на албанскиот јазик, најмалку азбуката на албанскиот јазик не е предвидена во членот 1 од овој закон да биде државен празник или да биде празник на Република Македонија.

Вистина е дека тука е предвиден Рамазан Бајрам, но да имаме предвид еден факт, ние, Албанците не се идентификуваме само со Бајрам, само со овој празник Рамазан Бајрам. Ние имаме и наши празници во однос на вековната традиција и тоа многу поголеми празници од овој идеолошки празник. Тоа е празник на исламската идеологија, така што јас припаќам на исламската идеологија и религија. Но, Албанците да се идентификуваат само со Рамазан Бајрам е голем апсурд. Затоа што овде правиме поделба меѓу нас како Албанци.

Ова, намерно или ненамерно, некому одговара. Јас сепак мислам, но не дека јас мислам на овој начин, туку мислат и странските дипломати и надворешната политика, а вие, почитувани од Република Македонија, кои раководите со оваа држава, патот до Европа ви е преку Охрид. Без да се помине Охрид не можеме да дојдеме до Брисел. Зошто тогаш ова нешто не се прави сега, зошто ова го пролонгираме и понатаму? Тогаш, на неколку политички кланови во Република Македонија, ова нешто им одговара. Се занимаваме со рекла-казала.

Навистина за почеток некој ќе рече дека еве, да почнема со ова што е понудено, албанската азбука да ја воведе како празник на албанците, а не како државен празник или празник на Република Македонија, а понатаму ќе го вброиме и во овие празници. Не е ова доволно. Ние албанците во Република Македонија не сме како питачи. Значи, некој да ни се помилува и да работиме како другите сакаат. Доколку сакаме да се почитуваме, тоа што го кажав претходно, толку ќе ме почитуваш и јас ќе те почитувам. Тогаш и овој празник треба да биде државен празник или празник на Република Македонија. Најмалку, азбуката на албанскиот јазик, каде ништо лошо нема, бидејќи една азбука, тоа е латинска азбука и се говори за цивилизација на другите заедници. Но ова не се прави. И се вели дека сме донеле закон кој е перфектен. Со ова што јас можам да го видам и другите што го гледат, не се говори за перфектен закон. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Зашов Благој.

Бидејќи не е присутен во салата продолжуваме.

Има збор пратеник госпоѓа Цветковска Благородна. Повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници.

Денеска на предлог на Владата и на предлог на ВМРО-ДПМНЕ, на најголемата владечка партија расправаме за предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за празниците на Република Македонија.

На почетокот, навистина на човек му доаѓа да каже дека нема коментар во однос на ваквиот потек, или ваквиот предлог на Владата. Меѓутоа, после првичното немање на коментар, јас можам да кажам дека едноставно не ми се верува дека Владата се решава за еден ваков потег, дека ова е еден од приоритетите на Република Македонија, како што се вели во образложението на Владата и на министерот. Заради хармонизација со европското законодавство. Значи, исполнување на условите за полноправно членство во Европската унија. Не ми се верува затоа што ако ние во Република Македонија не велам само Владата, велам ние ги решивме сите проблеми, па зарем ни останаа уште празниците да ги хармонизираме и готово, да влеземе во Европската унија. Навистина не ми се верува. Затоа што не е за верување што Владата едно говори а друго прави. Така на пример, дека ќе ги решава проблемите на стечајците, на земјоделците, социјалата и многуте предизборни ветувања. Не ми се верува затоа што ајде за оние кои не се вработени, кои не може Владата да ги вработи и за оние социјалци на кои Владата не може да им ги подобри условите за живот. Ве замолувам, јас ќе се вклучам и ова е во контекст на темата. За оние социјалци за кои Владата не може да им ги подобри условите, не може да создаде услови на вработените да ја зајакне економијата и да ги зголеми платите. Напротив, на некои им ги намалува платите, на пример на оние здравствените работници.

Сега, во една таква ситуација, кога приоритет над приоритетите ни е економијата, кога треба да живееме подобро, луѓето да имаат поголеми плати и да не ни се смеат сите дека сме со најслабо платени во целокупните бившо југословенски простори. Владата се занимава со закон за измена на празниците.

Почитувани пратеници, намерно тргнав од ова за да се надоврзам на празниците. Не е воопшто спорно дека сите предложени датуми како Предлог за државни празници во овој Предлог на закон имаат свое значење, некои историско значење, некои верско значење. И треба да има. Добро е да има и верски празници кои ќе бидат државни празници, меѓутоа дали треба да се озаконат и да се прогласат за државни празници токму сега или токму овие празници, или можеби некои други датуми. Јас се прашувам колку од граѓаните, дали Владата има таква анализа, наведените предлози им се познати, или колкав дел од граѓаните го знаат поширокото значење или вистинското значење на предложените датуми.

Понатаму кога ВМРО-ДПМНЕ беше во опозиција се залагаше за намалување на празниците колку што можеме да се присетиме, односно намалување на неработните денови. Зошто сега ги зголемува неработните денови. Велеа дека многу се празнува дека треба повеќе да се работи, дека ако работиме повеќе ќе ни тргне подобро, дека ќе бидеме богати, економијата ќе биде појака и затоа не ни се потребни нови државни празници.

Сега кога дојдоа на власт го прават токму спротивното. Па, дури и министерот како претставник на Владата во своето образложение вели дека “Македонија по бројот на празниците се наоѓа на долниот дел на лествицата по бројот на неработни денови на европските и други држави”. Ако е тоа образложението покрај оваа хармонизација со европското законодавство, тогаш е навистина јако образложение на Владата. Нема што, за да на крајот на образложението самиот претставник на Владата, во име на Владата да изјавува дека со овој закон не е целта да се зголеми бројот на неработните денови, а зголемениот број на неработни денови, претходното го употребува истиот аргумент како образложение. За ова немам коментар.

Ако навистина Владата имаше искрени намери, или сериозни намери, а не само намери да протурка нешто за кое подоцна, зошто не спроведе тогаш една подготвителна расправа, една јавна дебата во Република Македонија па да се види кои се вистинските очекувања на сите граѓани и за историските и за верските празници, нормално од сите етнички заедници. Зошто не беа консултирани експерти, зошто не беа консултирани институции, како што е Институтот за нацонална историја, академци, професори, па и обичните граѓани требаше да бидат прашани. Значи, впечаток е дека од една страна Владата намерно не сакаше да има претходна дебата, претпоставувам за да јавноста биде неспремна или помалку подготвена, медиумите помалку да коментираат и целата оваа работа побезболно да помине во јавноста, а ВМРО-ДПМНЕ да си добие свој партиско-државен празник.

Од друга страна веројатно Владата популистички со цел да се дозволи, да задоволи и да опфати што поголем број на граѓани мислејќи дека ќе направи нешто добро, всушност паѓа во стапица и со огромен ризик не водејќи сметка дека ваквите измени на законот за празниците предизвикуваат дополнителни поделби кај народот. Затоа Владата прави грешки.

Оние кои постојано кога беа опозиција прикажувајќи се како дежурни патриоти не повикуваа на единство, на помирување и на обединување сега всушност делат по најразлични основи, мешајќи ги чуствастата на греаѓаните историски и верски. Тоа е грешката.

Ова на Република Македонија сега во овој момент е најмалку потребно. Токму ова ваква дебата, па дури и да може да се свати, па дури да можњ да се свати од оние од опозицијата можеме да разбереме дека позадината на целиот овој настан токму е Владата со единствена цел во морето на различни датуми во предлогот на овие измени на законот за празниците да се протне нешто и да се овозможи ВМРО-ДПМНЕ да си добие свој партиски државен празник, кој се разбира ќе биде задолжителен, кој ќе се озакони и ќе го слави целата држава и уште ќе ни дадат еден ден неработен како гратис, притоа да се личи и величи ликот и делото на премиерот и на неговото височество и да се разбира ВМРО-ДПМНЕ да си има свој партиски празник прогласен како неработен ден. Ова не и треба на Македонија во овој момент.

Јас навистина сакам и мислам дека нема македонец не само во Република Македонија, туку и надвор од Република Македонија без оглед на која политичка партија припаѓа на која не и значат четирите светли букво ВМРО од македонската револуционерна историја и дека треба тгие историски свети букви да се заштитат со закон. И тоа е добро, но дали од морален, од историски аспект е добро една политичка партија во Република Македонија да го содржи притоа и самото историско име ВМРО. И зошто една политичка партија во Република Македонија која го содржи ова име би имала свој државен или партиски празник. Работите навистина можат да се забегаат или веќе започнуват да забегуваат. Вака испаѓа дека...

(Во салата пратениците меѓусебно си разговараат).

Ќе ве замолам господине потпретседателе, барам...

**Иван Анастасовски:** Продолжете, продолжете јас поради тоа ги опоменав колегите.

Колеги да и дозволиме на колешката да си го заврши зборот, ве молам.

**Благородна Цветковска:** Благодарам.

Работите навистина можат да забегнат или веќе започнуваат да забегуваат. Вака испаѓа дека за ДПМНЕ важи една дефиниција од едни минати времиња и дека правото и законот е волја на владеачката класа. Ова го кажав во една прилика издигната на степен на закон, или со други зборови дека почнува ВМРО-ДПМНЕ да го спроведува својот добро познат или своите добро познати манири на апсолутистичко владеење. Едноставно си прават што сакаат со државата.

Ова се огледа не само со овој закон за празниците, туку и со многу други секојдневни постапки. Така на пример со Буџетот Владата предвиде пари за изградба на споменик на жртвите на комунизмот, а гледаме дека со измените на Законот за празниците ВМРО-ДПМНЕ се однесува бетер од комунистички. Зошто во Буџетот кога предвидувате ставка за вакви споменици не предвидете и пари за изградба на споменик на жртва од врховизмот. Ова го говорам затоа што многу добро знаете дека...

(Во салата пратениците меѓусебно си разговараат).

Јас ќе прекратам додека ред нема во ова Собрание. Навистина е срамота. Јавноста слуша и срамота е вака да се однесуваме. Да се почитуваме, ова е моето мислење и јас не го наметнувам.

**Иван Анастасовски:** Ве молам колеги да и дозволиме на колешката да се доискаже.

**Благородна Цветковска:** Ова го говорам затоа што многу добро знаете дека жртвите на врховизмот биле токму вистинските македонски патриоти, истакнати членови на ВМРО. Не знам кој е критериумот некој денес да се нарекува или да биде ВМРО. Или која е врзаноста со она вистинското, исконското, патриотското, македонското ВМРО од сто и повеќе години. Зарем мислите дека ние опозицијата, дека ние останатите македонци освен вас избраните патриоти помалку ни значи или помалку го сакаме ВМРО. Па и јас сум за ВМРО, и СДСМ е за ВМРО, меѓутоа, за она вистинското, историското, патриотското ВМРО. Ние секогаш секаде и во секој повод чествуваме. Чествуваме пред жртвите, вистинските македонски патриоти кои го дале животот за Македонија и нивното револуционерно дело. Значи, жртвите на ВМРО-

ение вистинските македонски дејци и херои, меѓутоа никогаш нема да се поклониме пред партискиот олтар на ДПМНЕ или на ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи многу ви значи тоа да ве нарекуваат.

Ова што го правиме е лошо за Република Македонија. Го делиме народот, а не го обединуваме. Ја мешаме историјата со денешната политика и партиските интереси со патриотизмот. Се сеќаваме сите дека во 90-тите години тогашна опозиција или ВМРО-ДПМНЕ велеше дека СДСМ си го препишува на себе , дека наводно е државотворна партија. Се разбира дека тоа беше вадено од контекс во дневната политика, користено за партиски интереси. Се разбира дека тоа не е така. Државотворци се сите партии, сите граѓани, сите заедници во Република Македонија подеднакво. Тогаш така велевте за СДСМ. Тогаш што да речеме ние денес за ВМРО. Што е она што го прави ВМРО-ДПМНЕ со празниците. Зарем не ви наликува на Луј 14 - државата тоа сум јас. Така испаѓа почитувани пратеници.

Оваа Влада е легална и легитимно избрана од граѓаните на Република Македонија на демократските избори, но тоа не значи дека ако ја имате власта можете да правите што сакате со државата, па и со празниците. За ДПМНЕ гласале околу 300 и нешто илјади гласачи на последните избори и вие сте добиле со тоа мнозинство пратеници во Парламентот и сте формирале Влада, меѓутоа вашата Влада не смее само за себе, не владее само за тие 300 и нешто илјади што гласале на изборите за вас, па дури и самите тие гласачи не ви го дале тоа и такво право.

Што е со интересите на останатите гласачи во Македонија кои гласале и за други политички партии кои можеби и не гласале. И тоа е демократско право, и тоа е некој начин на изјаснување. Што е со нивните интереси? Дали мислевте и заборавивте дека тие не ви се битни и дека поминаа изборите и дека не треба да ги застапувате нивните интереси како граѓани на Република Македонија. Владата на Република Македонија е една за сите, но за жал не е еднаква спрема сите и треба многу да внимаваме какви потези ќе презема во иднина, да не го дели македонскиот народ, затоа што во експозето на премиерот се вели дека со ова се придонесува за уште една поголема меѓуетничка толеранција и почит во однос на празниците и другите вероисповести. Да, меѓуетнички во ред. На почетокот реков, треба да има и такви државни празници, верски празници за сите заеници. Сето тоа е во ред. Меѓутоа, вие сакајќи да постигнете меѓуетничка толеранција, вие правите сосема поинаку. Го делите македонскиот народ. Тоа е многу лошо за Македонија и не можете во иднина да се прикажувате како патриоти и да правите вакви потези. Значи, вие мнозинството, Владата на Република Македонија сте ја земале одговорноста на оваа држава и мора да се однесувате одговорно кон Република Македонија, а не диктаторски и апсолутистички.

Благодарам на оние што почитуваа и слушаа, бидејќи се пратеници на овој парламентарен дом, а благодарам и на оние кои читаат весници овде во овој пратенички дом, отворено пред јавноста да кажам уште еднаш благодарам.

**Иван Анастасовски:** Јас ви благодарам и на вас, меѓутоа јас мислам дека сите ве слушаа во салата, можеби затоа имаше и такви реакции на моменти, а тие што читаат весници, не можете вие, ниту пак јас како претседавач да им го забранам тоа.

Има збор Љупче Мешков, министер за труд и социјална политика.

**Љупче Мешков:** Јас реков на почетокот и кога почна расправата по овој закон дека апсолутно немам намера да полемизирам со одредени ставови на пратеници, бидејќи тоа се нивни мислења, меѓутоа овој пат бев споменат во дискусијата на почитуваната колешка пратеник. Сакам да објаснам неколку работи околу делот на моето уводно излагање кое се однесуваше на една од целите на донесувањето на овој закон, а тоа беше хармонизацијата со Европското законодавство, односно приближувањето на Република Македонија кон Европа. Ако некој смета дека хармонизација на овој закон со европското законодавство е дека ние некои празници од Холандија или од други држави ќе ги вметнеме во нашиот закон, сигурно е погрешен таквиот став, бидејќи тоа ниту може, ниту е во ред такво нешто да се прави.

Јас сега сакам да објаснам што под тоа подразбира Владата како цели, еве со неколку реченици.

Прво, не е ли хармонизација и наше приближување кон европските стандарди ако на луѓето од одредена вероисповед им се даде поголема верска слобода и преку давање поголем простор и значење на нивните верски потреби. Не е ли тоа развој на демократијата во Република Македонија, не е ли европеизација ако и со закон ги потврдиме, или го зголемиме бројот на светлите датуми и личности од историјата на еден народ и на една држава со што ќе докажеме дека ја цениме државата, ја цениме својата историја и го цениме својот народ. Не е ли европеизација ако одредени реликвии од минатото ги избришеме, или мислиме дека Европа со раширени раце ќе не прими со симболи на едно веќе изминато време за кое Европа нема баш големо разбирање. Во тоа е суштината на европеизацијата и во тоа е суштината на хармонизацијата, а не со некое префрлување на празници од други држави од европски во нашиот закон.

Второ, неколку пратеници меѓу кои и почитуваната колешка неколку пати се обидуваа да внесат забуни кај македонската јавност дека Владата на Република Македонија со предложувањето на еден ваков закон се апстрахира, или ги занемарува економските проблеми кои што ја тиштат оваа држава како што се стечајците, како што се луѓето со

технолошки вишок итн, при тоа заборавајќи чиј продукт се стечајците, во кое време се настанати тие стечајци и Владата на Република Македонија апсолутно дава приоритет на овие економски проблемим што го докажува со многу закони кои чекаат како што  реков да дојдат на дневен ред пред ова Собрание. Сега можам да набројам и многу други работи кои се направени, но тоа денеска не е тема на денешната седница и не сакам да се впуштам во тоа. Според тоа, и на почетокот реков дека нема важни и неважни закони, овој закон исто така е важен од повеќе аспекти кои што ги кажав, а ако некој мисли дека ова сега не е погоден момент и не е време за Кирил и Методиј за сесловенските просветители, или за Климент Охридски чудотворец, тоа е негов проблем и негово сваќање на работите.

**Иван Анастасовски:**  Ви благодарам.

Претпоставувам дека сите вие сте пријавени за реплика. Бидејќи колегата Јован Гинев, претпоставувам има реплика на говорот на Благородна. Да завршиме со таа реплика и потоа вие останувате како реплика на говорот што го имаше министерот за труд и социјална политика.

Министерот имаше збор. Вие сите што сте пријавени од колегата Влатко Серафимов надолу сте за реплика на говорот на министерот. Затоа би сакал, има уште една реплика на вашиот говор.

Три минути реплика на пратеникот Јован Гинев на вашиот говор.

**Јован Гинев:** Благодарам потпретседателе, почитуван потпретседателе, почитуван господин министер, колеги пратеници,

Веќе трет ден дебатираме на тема Предлог закон за празници и целата битка се сведува од опозицијата да го оспори донесувањето на законот за празнување на 23 .10.1893 година, со образложение дека тоа е закон кој го празнува само една партија. Моите аргументи и факти за празнувањето господа од опозицијата се сосема други од вашите. Ако ми дозволите јас малку поопширно би дал образложение зошто е тоа така. ВМРО се појави како тајна самостојна независна револуционерна организација да го организира, подготви и поведе македонскиот народ во вооружена борба за национално ослободување чија програмска платформа како и крајна цел беше ослободување на Македонија и создавање на самостојна држава. Зарем ова не е еден од аргументи кои што треба да го почитувате господо. Основачите на ВМРО во далечната 1893 година беа не само македонски патриоти и револуционери, туку во нив беше собрана идеолошката и интелектуалната сила на македонското револуционерно движење. Но основањето на ВМРО отвори нови страници во ослободителната борба на Македонскиот народ, предизвика огромен интерес на балканот и Европа и стана една од најголемите, најавторитетните, најбројните и најсилните револуционерни организации. Зарем ова не е аргумент за вас господо од опозицијата. Паролата на основачите на ВМРО за автономија на Македонија прерасна во политички сепаратизам на македонското революционерно движење која по Првата светска војна јасно даде на знаење дека се бори за независна, самостојна и обединета Македонска држава. ВМРО беше не само народна револвионерна и политичка организација, туку таа од нејзиното основање до распуштањето беше главна македонска вооружена сила што со своето револуционерно дејствување влеваше надеж кај поробениот македонски народ за ослободување на својата татковина и дека е достоен да има своја сопствена држава. Зарем ова не е аргумент за вас.

**Иван Анастасовски:** Вашето време истече.

Една минута контра реплика има пратеник Благородна Цветковска на репликата што беше упатена на вашиот говор.

Повелете имате една минута контра реплика.

**Благородна Цветковска:** За една минута зарем можам јас да одговорам на толку многу прашања?

**Иван Анастасовски:** Ако не можете, во тој случај.

**Благородна Цветковска:** Почитуван потпретседателе, прв пат се обраќам кон господинот министер. Јас сум за истакнување за празниците во Република Македонија,

**Иван Анастасовски:** Се извинувам, вие имате една минута сега контра реплика до последната реплика која беше упатена на вашиот говор. Потоа ќе имате ваши три минути за реплика на говорот кој го имаше министерот за труд и социјална политика.

**Благородна Цветковска:** Почитуван колега, јас и верувам и сите Македонци се поклонуваме пред ВМРО и сите го чествуваме како значаен и важен настан во историјата на Македонија. Немојте да оспорувате нешто, но не можам да се согласам за 23 октомври да биде празник на ВМРО-ДПМНЕ. Немојте да ја изврќувате работата. Јас убаво реков дека ние сите сме во душа и во срце ВМРО, дали сме позиција, или опозиција. На мала врата сакате да го протуркате овој закон како државен празник. Тоа отворено ви го кажувам, сега ја користите оваа можност.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Пријавете се повторно бидејќи баравте реплика на говорот на министерот.

Продолжуваме со редоследот на пријавени реплики на говорот на министерот.

Три минути реплика за пратеник Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер.

Во вашето излагање спомнавте, економската, односно финансиските конструкции кои што ќе допринесат за развој на економијата и економските прашања во Република Македонија

со донесување на овој закон. Апсолутно во вашето излагање кое што го имавте пред нас пратениците, вие немате ништо спомнато околу економската структура, односно околу економската застапеност и економските импликации кои што ќе бидат позитивни со донесување на овој закон. Не само тоа од вашето излагање, туку и во Предлог законот кој што ни беше доставен не гледам дека некој економски бенефит ќе има Република Македонија ако го донесеме овој закон. И затоа во молам во иднина немојте да ги споменувате овие работи пред македонската јавност и пред нас пратениците, бидејќи нема ништо да добие македонскиот граѓанин доколку го донесеме законот за празниците. Од друга страна сметам дека со зголемувањето на неработните денови Република Македонија и граѓаните во Република Македонија дури може и економски да изгубат.

**Иван Анастасовски:** Господине министер имате право на една минута контра реплика.

**Љупче Мешков:** Пак морав да повторам вчера, или завчера кога зборувавме дека некои пратеници сами си поставуваат тези и си одговараат. Јас не реков за овој закон за економските ефекти на овој закон. Јас реков, да не се замајува македонската јавност дека заради овој закон ќе апстрахира Владата од економските проблеми. Значи, таа работи на економските проблеми паралелно како што работи и на овој закон. Значи, јас не реков за овој закон сега што ми реплицира колегата. Јас воопшто не спомнав дека економски ефекти, или финансиски од донесување на овој закон. Очигледно не ме разбрал.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика пратеник Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе,

Јас веднаш ќе започнам со демант впрочем и на оваа изјава на господинот министер. Господине министер, вие имате проблем и тоа сериозен. Немате аргументи во корист на поддршка на потребата за донесување на овој закон. И ние потполно ве разбираме.

Што се однесува на тоа дека Владата и те како работела на економските проблеми, веднаш ќе ве демантирам. Го читам материјалот што го добивме како предлог за донесување на законот за празници. Како причини поради кои треба да се донесе овој закон Владата наведува: цитирам "Со заклучок на 6-та седница на Владата на Република Македонија". Ако добро се сеќавам на првата седница Владата имаше многу работа да разреши со едно решение околу 500 државни функционери и тоа и беше приоритет. Не знам што правеше на втората и третата, но на шестата седница одлучила дека нема поважен закон одколку донесување на законот за празниците. Тоа ли е ангажман околу економските закони кои ги ветувавте како Влада во вашата веќе фамозна, а сега дозволете мала дигресија, би ја нарекла боенка, преродба во 100 чекори. Ова е фактот и кога велите дека ова не е закон на ВМРО-ДПМНЕ, ова е закон на ВМРО-ДПМНЕ, тоа веќе секому му е јасно, бидејќи Владата на 6-та седница формирала Комисија за утврдување на празниците на Република Македонија. А никој не знае како било и колку компетентни членови имало во Комисијата. Да, ова е законот на ВМРО-ДПМНЕ, вие се обидувате да го браните, немате аргументи. Ние потполно ве сваќаме. Владата во овие 6 месеци донесе само еден закон од економската сфера и тоа е факт, од фактите нема бегање. Сега сериозно мислам, па не да му падне паричка во баничка на вашиот млад премиер, па и Светска банка да му падне во баничката , пак оваа Влада нема капацитет да донесува решенија од економска сфера.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика министерот за труд и социјална политика.

**Љупчо Мешков:** Почитуван пратенику,

Мене навистина не ми е многу битно колку вие ќе ме сватите. Јас сум овде претставник на Владата и го бранам законот во кој што и јас како член на Владата сум учествувал во неговото донесување. Никаде Владата не донела заклучок дека овој закон е приоритет пред другите, туку Владата во своето работење носи закони, некои порано, некои подоцна, а приоритетот на дневен ред го одредувате вие, односно го одредува Собранието и претседателот на Собранието. Но, јас пак ќе повторам, пак ќе повторам дека нема важен и неважен закон. Ако за вас овој закон е неважен, а дебатирате 4, или уште 2 дена ќе дебатирате, тогаш сами се негирате себеси, значи многу е важно овој закон заради што се отвори и целата оваа полемика. Ако вас на пример една алинеја од законот не ви се допаѓа, тогаш можете да поднесете амандман, а не да го негирате, или да го ставате под знак прашање целиот закон.

**Иван Анстасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со реплики.

Три минути реплика пратеникот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе, Јас ќе ја искористам деловничката можност повеше како дополнување и објаснување на говорот на почитуваниот министер господин Мешков, иако со дел од работите што тој ги кажа не се согласувам, но за тоа во друга прилика ќе зборуваме. Сакам само за еден аспект да го изнесам своето мислење, не само во дискусијата на министерот Мешков, туку воопшто и во јавноста, а и од дискусиите на колеги пратеници оние кои што ја поддржуваат Владата се наметнува една теза во јавноста дека Парламентот е тој што ја кочи работата на Владата и дека пратениците оние кои што ја поддржуваат Владата, на вас се однесува, дека токму ние сме тие кои што не сме спремни да го држиме чекорот кој што го диктира Владата по однос на економските закони.

Јас морам тоа најенергично да го демантирам со следното:

Прво, кажете кои се законите од економија кои чекаат во Парламентот и заради тоа што пратениците не работат, се кочи работата на Владата. Јас ќе ви кажам. Моментaлн има два закони од прекинатата седница што ја имавме за носењето на Буџетот и тие два закони, доколку претседателот на Праламентот одлучеше таа седница да ја продолжи, верувајте ми дека немаше да расправаме повеќе од еден час. Ние никогаш не сме расправале толку долго за закони од економијата. Колегите од парламентарното мнозинство, кога на дневен ред има закони од економијата, ни еднаш не ни спореле на нашите дискусии.

Второ, ако мислите на други закони кои Владата ги доставила до ова Собрание, тогаш ќе се обратите до претседателот на Собранието. Претседателот на Собранието е тој кој го составува дневниот ред на Собранието, по законите кои доаѓаат од Владата. Такви закони стигнале и сега на 27 е закажана седница на Собранието, токму да расправаме за овие закони. Задутре имаме седница на Комисијата за економија токму за овие закони. Значи, не е вистина тоа и веднаш да се престане со кажувањето дека пратенците се тие, било опозиција или позиција, што ја кочат работата на Владата во донесувањето на законите од економијата. Овде во Парламентот ни еден закон не е закочен, ниту сега, ниту во овие изминати 15 -16 години. Најлесно е вината да се префрли на пратениците, за се што се случувало во минатото.

И на крајот по однос на самиот Закон, поврзан со економијата.

Само ќе ве потсетам колеги пратеници, а и Владата. Сега носиме закон за државни празници и велиме имаме неработни денови. Пред десет дена донесовте Закон за измена на Закон за трговија, кога на сите државни и верски празници, донесовте одлука, да можат продавниците да работат 24 часа. Тогаш да ве прашам кој тоа го стави неработен ден на тие празници.

Да завршам со следното: Ги молам сите пратеници, најенергично да се спротивставиме на тоа дека Парламентот и токму ние пратениците, било од позиција или опозиција, ги кочиме законите од економската свера овде во Собранието.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупчо Мешков:** Да нема забуна.

Јас реков дека од Владата се доставени до Собранието, не реков дека некој ги кочи. Тоа се две различни работи.

Кога зборуваме за неработни денови, ако вие го погледнете и постојниот Закон, во него ќе видите дека и за време на празници се работи, иако се неработни денови. И таму пишува дека работникот, ако процесот на работа тоа го дозволува, има право на зголемена плата. Значи, такви одредби за работа во неработни денови и сега има во постојниот Закон. Тоа не е забрането.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика пратеникот Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** За мене е прилично разочарувачки, цела дискусија околу овој закон да се сведе на констатацијата на министерто дека единствено што сме зборувале е дека не било време за Св.Кирил и Методиј и Св.Климент Охридски. Јас не знам како успеа целата дебата околу овој закон министерот да ја сведе само на оваа констатација. Морам да укажам дека тоа е прилично несериозно.

Кога имате ситуација во која добивате Предлог закон кој нема никакво образложение, кога добивате закон за кој никој не може да ви каже врз основа на кои критериуми е направен изборот на предлози кои се дадени, врз основа на која анализа е одлучено колку и кои празници ќе се слават во Република Македонија, во ситуација кога имате толку контраверзни и провокативни верзии по еден закон, не може да очекувате нешто друго освен дебата во Собранието, особено кога не добивате одговор на овие клучни прашања.

Јас пак ќе потенцирам дека со предлагањето на ваквите закони, Владата сама се кочи, во услови кога во година на одлука за Република Македонија, од преголемата потреба за лично експонирање, за личната промоција на Владата и преголемата потреба за дезидеологизација на се што до сега постоело, како резултата на преголемата фрустација на премиерот и на членовите на Владата, наместо да се фокусираме на законски решеније кои ќе значат спроведување на реформите кои ќе не приближат до Европската унија и НАТО, на законски решенија кои ќе овозможат на подобрување на економските состојба на граѓаните, во најмала рака во законски решенија кои ќе бидат одговор на ветувањата што оваа Влада им ги даваше на граѓаните, како што се стечајците, како што се тутунарите, итн, ние се доведуваме во ситуација да дебатираме за ваков закон кој според мене воопшто не е приоритетен за Република Македонија. Затоа сметам дека Владата треба сериозно да се запраша кои се приоритетите на Република Македонија, а не на Владата на Република Македонија и нејзиниот премиер.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика, пратеникот Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Мојата реплика се однесува на министерот.

Експозето толку добро го сослушав и за жал, од експзето на министерот кое беше толку бледо, оскудно и штуро, јас навистина не знам зошто ни даде ваков одговор дека ги залажуваме граѓаните во овој момент и дури не го разбрав какви празници ние префрлуваме од други држави и го

згoлемуваме бројот на празниците, што воопшто не беше на место неговото обраќање кон она што јас го дадов во моето излагање.

Прво, јас сум за истакнување на сите значајни дати во Република Македонија. Јас тоа го искажав во моето излагање. Но, на битни датуми. Како можам да поречам за 24 мај, Кирил и Методиј, кога тие ни ја подарија првата словенска азбука - глаголицата. Како можам, блажениот отец, Св.Климет кој глаголицата ја нарече Кирилица, во чест и слава на својот учител. Па тие ни ги отворија очите. Тие го посеаа семето, а ние денес ги бериме плодовите. Меѓутоа, има приоритети во една држава. Тоа сакав да го кажам. Затоа јас во моето излагање реков дека има нешто важно, поважно и најважно. Има време ќе дискутираме за празниците, меѓутоа, имаме поважни работи на кои во моментот треба да им дадеме приоритет, да дадеме приоритет на економијата, бидејќи сите чекаат да видат што дадовме, а што добивме. Се е помножено со нула. Понатаму каде се стечајците, каде се другите проблеми. Се рече по Божиќ нивниот проблем ќе биде разрешен. Пред вратите опколени, а во дневниот печат никаде не пишува за нив, а секојдневно ни чукаат на врати. Според тоа не сакам неточни и неаргументирани работи да искажува господинот министер. Како бранител на Владата зборува министорот, бидејќи и тој бил учесник. Не треба да се брани. Многу бранители застанаа зад премиерот. Доволен беше Зоран Ставрески, тој го одбрани најубаво.

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеникот Оливер Шамбевски, повелете.

**Иван Анастасовски:** Благодарам потпретседателе, почитувани пратеници, почитуван министере,

Три дена дискутираме за Предлогот на Владата, за измена на Законот на празниците и да бидам искрен овие неколку дена се зборуваше за се и сешто, се бараа аргументи секаде, имаше обиди да се извлечат секакви паралели од кои веројатно само корист има само дневната политика и никој друг во оваа земја. Меѓутоа, ајде да видиме за што ние всушност разговараме овде, затоа што слушнав тези дека ова е дури и неважен закон, дека европските закони требало да имаат приоритет. Отидовме дури до таму што се кажа дека тоа било обид за наметнување на некакви партиски празници како државни итн.

Почитувани колеги претпоставувам, кога мислиме на Европската унија, кога спомнуваме европски закони и користиме слични термини, мислиме на онаа група на слободни земји во Европа кои негуваат одреден корпус на заеднички вредности кои се обединети околи идејата за слобода, заедништво, слободен пазар, прогрес, борба за демократија и во крајна линија, ако сакате, обединети се и настанаа околу благородната идеја на борбата против комунизмот. Ако зборуваме за оваа група на земји позната како Европската унија, тогаш овој Закон и Законот кој е на дневен ред на 24 јануари и кој ја тангира лустрацијата, не само што се битни, тие се инператив. Инперативи се во смисла на неисполнување на некакви критериуми, на некакви закони кои мора да се донесат, што се разбира Владата мора да го направи тоа и Парламентот, час поскоро. Но, императиви се заради тоа што, ако сакаме да негуваме слични и заеднички вредности со овие земји, тогаш тоа се импеpeтиви. Значи, во интерес на времето, јас нема да елаборирам за секој празник одделно, бидејќи во изминатите два-три дена се изнаслушавме се и сешто. Но, реков во интерес на времето јас само ќе кажам дека ако добро се чита овој предложен пакет на празници што Владата ни го предлози со овој Закон, ќе видите дека се базира на две клучни претпоставки. Значи, дезидеологизација на празниците и негувањето на вклученоста на сите групи во општеството, како приоритети на овој закон. Затоа, ве молам не се обидувајте да го изместите фокусот на дебатата, не се обидувајте да го направите тоа од ниту една денвно политичка причина заради тоа што овој закон навистина е многу побитен од секој поситен поен кој тука можеме да го добиеме. Не станува збор за празнвање на ВМРО. Станува збор за празнување на еден континуитет. Станува збор за празнување на еден празник, на една величина која само започна на 23 октомври 1893 година, а заврши некаде на почетокот на 90-те години, со референдумот што го имаше оваа земја и кога го донесовме Уставот. Значи, станува збор за тоа.

Исто така со овој конкретен празник што сакаме да го прославиме, ќе одадеме признание и на оние луѓе кои се бореа против комунизмот, кои беа дел од една голема група дисиденти во Источна Европа, чие дејствување во крајна линија доведе до падот на комунизмот. Тие се идентификуваа со идеите на ВМРО заради тоа што друга организирана сила, па макар била и таа во дијаспората, немаше. Еве тоа сакаме да го прославиме. Ниту во еден момент не прославуваме празник на ВМРО-ДПМНЕ. ВМРО-ДПМНЕ си има свој празник и тој е некаде кон средината на јуни кога е формирана ВМРО-ДПМНЕ, а ова што сакаме да го прославиме, како што кажав е прославување на еден континуитет од 23 октомври до денес, до почетокот на 90-те години кога ја формиравме Република Македонија како независна држава.

Исто така во дискусиите слушнавме дека сме немале јавна дебата, итн. Јас мислам дека 15 години во оваа држава се зборува за несоодветност на празниците кои ги празнуваме. Само сетете се Стопанската комора колку пати бараше 2 мај да не биде празник. А за тоа дали во изминатите три или четири месеци, имавме или немавме дебата, сетете се на оние патетични изјави, не е тука господинот, нема да му го спомнам името, но еден наш врвен историчар кога од позиција на која е и со титула

што ја има, верувајте, на насловната страна на еден дневен весник видовме дека господинот не прави разлика, или воопшто не знае кој бил Панчо Михајлов.

Исто така, не сакам да навлегувам подетално во ова, само сакам да кажам дека овој Закон воопшто не е избрзан. Овој Закон, верувајте ми, доцни 15 години во Република Македонија, доцни како што доцни и Законот што за неколку дена ќе го имаме на дневен ред.

Дали е дезидеологизација или не на празниците?

Јас ќе ви кажам, ВМРО-ДПМНЕ го празнуваше овој ден, го празнуваше заради тоа што беше срамота во оваа држава да не се празнува толку значаен датум. Државата да не направи ништо да оваа расправа денес во Парламентот за да се одбележи овој празник, овој светол датум од нашата историја. Државата тоа не го стори дури на јубилејот на 100 години од формирањето на ВМРО. Еве заради тоа го славеше ВМРО-ДПМНЕ, а подоцна и ВМРО Народна, овој празник. Никако тоа не го правеше заради тоа што сакаше да го присвои. Во крајна линија, токму со овој Закон и ВМРО-ДПМНЕ и ВМРО Народна ќе се откажат од она што досега го присвојуваа како монопол, така да кажам. Еве така ќе се дезидеологизира и овој празник, но исто така ќе се дезидеологизира и она што досега го знаеме како 2 мај итн. Но, во ниту еден момент, бидејќи на самиот почеток кажав дека втората премиса врз која се базира овој Закон, практично е имплузивноста на овој закон во општеството. Ќе видите дека Владата во нејзиниот предлог во ниту еден момент не ги отфрли оние празници што да речеме со нив се идентификува една друга група на граѓани. Во крајна линија, почитувани колеги од СДСМ, не би сакал да ме сфатите погрешно, но јас знам дека вашиот идеал е социјалдемократијата, никако не е комунизмот. Мислам дека на најдобар можен начин ако го подржите овој Закон, ќе го тргнете овој терет од вас.

Што се однесува до пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, имајќи ги предвид сите овие факти за кои зборував предмалку, ќе гласа и ќе го подджи овој закон.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Се обидов да направам концеп на мошне емотивното обраќање на почитуваниот пратеник Шамбевски кој е убеден дека веќе трет ден пратениците на СДСМ водат дневна политика околу потребата за донесување на Законот за празници, во Република Македонија. Ако е ова дневна политика господине Шамбевски, тогаш ве молам каква политика води Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, која се обидува да протурка закон за празници, со еден единствен скриен мотив, да си обезбеди сопствен партиски празник.

Јас сум убедена дека ова им е сосема јасно и на граѓаните на Репулбика Македонија. Еве ја потврдата. Овој инсертер е потпишан од ВМРО ДПМНЕ. На насловната страна стои 23 октомври ден на македонската револуционерна борба, а дозволете на 2 страница ќе цитирам: "иницијативата за прогласување на 23 октомври за државен празник отвори многу прашања во јавноста итн. потпис да живее Македонија, ВМРО ДПМНЕ".

Господине Шамбевски во предлог законот за изменување и дополнување на постојниот закон за празници има многу други државни национални и верски празници. Зошто не се обидовте по исти вакви инсертери да го известите македонскиот народ од неопходната потреба за прогласување на тие празници. Тука апсолутно, е тенко вашето објаснување. Ми го зедовте зборот од уста кога го употребивте терминот монопол и јас сакав да ве прашам зошто мислите дека поседувате монопол на четирите свети букви од македонската историја. Тоа треба да ви е јасно, меѓутоа, никој нема да дозволи на државен трошок, со парите на граѓаните да си правите ваши партиски забави. Како не го прославувавте, господине Шамбевски 23 октомври 2006, со потполно целосна партиска иконографија со фамозниот господин премиер, вие го прославивте како ваш личен празник. Навистина нема да верувам и од кога ќе го донесете овој празник.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика господинот Оливер Шамбевки.

**Оливер Шамбевски:** Мислам колешке дека е коректно пред да реплицираме да се сослушуваме, но имајќи го предвид тоа што вие го изнесовте, јас токму тоа го зборувам што вие се обидувате да го импутирате. Значи, јас тоа велам, ние немаме монопол, вие се обидувате да ни наметнете монопол. А бидејќи се согласуваме дека не е добро да имаме монопол, тогаш поддржете го и вие овој предлог и така ќе почнеме сите заеднички да ги прославуваме овие свети четири букви како што велите.

Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика пратеник госпоѓа Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Благодарам.

На мојата реплика ќе се задржам на две тези од дискусијата на почитуваниот господин Шамбевски. Се согласувам дека веќе 15 години на Македонија и треба нов закон за празници. Меѓутоа, Стопанската комора, стопанствениците во Македонија веќе 15 години бараат да не се празнува денот Божиќ на 7 јануари, туку како целиот свет на 24 декември. Мислевме дека усогласувањето на законот ќе биде во таа насока, а не во насока на славење на 23 октомври денот на ВМРО ДПМНЕ, кој го слават како свој празник и кој го имаат напишано на сопствениот партиски грб. Тоа би ми бил вториот дел од репликата на претходниот дискутант, осврнувајќи се на некои историски факти.

Веќе подолго време ВМРО ДПМНЕ настојува да го истакне фактот дека во Македонија во мај 1876

година, е кренато Разловечкото востание. Кога веќе се навраќаме на историјата во подготовките на востанието Димитар Поп Георгиев Беровски јасно ја истакнал политичката и националната цел на востанието. Имено, тој го нарачал разловечкото знаме на кое биле испишани зборовите Македонија, а на лентите пишувало:” станете да ве ослобода”. Нешто подоцна била додадена и датата 8 мај 1876 година. Со тоа било дефинирано дека востанието се крева со цел за ослободување на Македонија. Ова знаме подоцна се веело и во Пијаничкото и во Кресненското македонско востание во 1878 година и тн. Ако веќе настојуваме да го славиме денот на почетокот на Македонсксsuccta револуционерна борба за независност на Македонијам тогаш треба да ја почитуваме историјата и да го предложиме денот 8 мај, а не 23 октомври кои ВМРО ДПМНе го стави на својот грб. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеникот Оливер Шамбевски.

**Оливер Шамбевски:** Почитуван потпретседателе, почитувана колешке Филипова, што се однесува до првата ваша забелешка околу усогласеноста или неусогласеноста на календарите тоа навистина е тема што на некој начин треа МПЦ да ја реши и се што би направил Парламентот во таа насока, убеден сум дека ќе ги влоши и онака тешките состојби во МПЦ.

Што се однесува до вашата втора забелешка околу претходните востанија кои што биле во Репулбика Македонија и кои што се неспорен факт, апсолутно се согласувам со вас, но она што во мојот говор се обидов да го кажам е токму фактот дека ние практично со овој закон ќе прославиме еден континуитет на борба повеќе од еден век до формирање Република Македонија која што се водела со формирање на независна Репулбика Македонија која што се водела под пластот на ВМРО.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани пратеници, почитуван министре.

Јас нема да должам многу, ќе бидам краток во мојата дискусија, бидејќи во овие два дена беше кажано многу и тоа што го мислев и што сакав да го кажам беше искажано од останатите колеги пратеници како од опозицијата така и од позицијата. Јас ќе се задржам само на неколку празници. На празникот кој се укинува 2 јануари и 2 мај и 23 октомври. За верските празници не би сакал многу да зборувам. Еве така како што се предложени од Владата, јас би ги прифатил без разлика дали се согласувам сосите и мислам дека ќе бидам осуден од поединци ако се обидам неколку празници да отфрлам, да додадам други празници кои јас мислам дека треба да бидат на оваа листа, или на овој предлог кој го дава Владата.

Исто така, не би сакал да коментирам околу другите празници од муслиманска вероисповест, католичка, еврејска. Овде би го прифатил предлогот кој што го дава Владата.

Сега би кажал нешто околу 2 јајнуари. Овој празник досега ние го празнувавме во овој состав, како што гледам овде, сите од кога знаеме самите за себе. Значи, многу одамна 2 јануари се празнува бидејќи е и исправно според мене, затоа што ние досега Нова година ја славевме по ново, а Божиќ по старо. Или ние имаме новогодишно-божиќни празници. Според Јулијанскиот календар го славиме Божиќ, а оние кои го слават според Грегоријанскиот, имаат божиќно-новогодишни празници. Значи тука има некоја логика, 2 јануари ние досега го славевме, бидејќи со Нова година ги почнуваме овие празници. Значи од 1 па до 7 некаде до Божиќ. Според Грегоријанскиот календар тие почнуваат од 24 декември и слават до 1 јануари. Тука е некоја логика и добро е што било така 2 јануари да го празнуваме и тука имам едно размислување, кое е мое сопствено размислување упатувам една сугестија до Владата и до моите колеги пратеници од Парламентарното мнозинство, а бидејќи во нив е одлуката со притискање на копчето, дали ќе прифатат или не, 2 јануари да остане како празник и понатаму, се до оној момент додека и Македонија, како и останатиот европски свет, односно како што велиме, Западна Европа, го прифати Грегоријанскиот календар, односно и ние почнеме да го славиме Божиќ од 24 декември до 1 јануари. Во тој момент, секако, не би било дискутабилно да не се празнува 2 јануар, затоа што од тука ќе ги почнуваме Божиќните празници од 24 декември и со тоа завршуваме. Има некоја логика и еве тоа е мое размислување дека и досега било исправно празнувањето на 2 јануари и мое мислење е тоа да биде до оној момент додека не почнеме да го празнуваме од 24 декември, тогаш по автоматски пат се престане со празнувањето на 2 јануари. Бидејќи гледам во последно време дека и народот се спрема полека да се навикне на префрлувањето на славењето на Божиќ според Грегоријанскиот календар, тоа го гледам во дебатни емисии, телевизиите со анкети меѓу граѓаните го припремаат народот и се надевам и мислам дека во наредните три-четири години и Македонија како Западна Европа ќе слави Божиќ по Грегоријанскиот календар.

Второ, би сакал да кажам нешто околу празниците кои се укинуваат, како 2 мај. Мое размислување е 2 мај и да се слави и да не се слави не би имал некои полемики или размислувања, или некои лутења зошто да се укине, туку од причини што исто и овој празник многу години народот го слави. Дури можеби народот веќе не го слави како ден на трудот, а го слави како свој празник. Тоа е еден ден во годината кога луѓето со своите семејства, со своите соседи и браќа и пријатели излегуваат на пољана и тоа е прв пат во текот на тековната година, затоа што тогаш почнуваат убавите

денови. Јас сум за да се укине овој празник, бидејќи како што реков во моето почетно кажување тоа е еден празник кои луѓето го чувствуваат како свој празник за излегување во природа во тековната година, односно дружење со пријателите и роднините.

На крајот, како што реков сакам да кажам нешто околу 23 октомври. Тука не би сакал многу да зборувам или да навлегувам во поединости, затоа што за овој 23 октомври беше кажано многу во овие два дена, еве и денес е третиот ден. Дали е исправно или не е исправно, јас ќе го кажам моето мислење дека не го поддржувам овој предлог на Владата, од причини што го кажаа моите колеги пратеници од СДСМ дека овој празник 23 октомври ВМРО ДПМНЕ на еден начин го промовира како свој празник, иако колегите пратеници од парламентарното мнозинство, кажуваат дека тоа не е така, дека тоа е празник на Македонија, сепак, со овие памфлети кои ги гледаме, кои се растурени меѓу народот, гледаме дека ВМРО ДПНЕ си го промовира овој празник. Јас ќе кажам и нешто друго и со тоа ќе завршам дека во 1999 година во Струмица се одржа 11-от Конгрес на ВМРО ДПМНЕ. Значи, 11-от Конгрес на ВМРО ДПМНЕ нема шанси да биде во 1999 година. Значи, прифаќаат или преземаат нешто од порано. Затоа ние не сакаме да го прифатиме 23 октомври како празник во Репулбика Македонија.

На крајот, ако не беше овој 23 октомври, јас верувам дека многу брзо ќе поминаа другите празници и веќе ќе беше излезено во “Службен весник”, но Владата секако, покрај овие празници гледаше да го протура и овој празник, мислејќи дека опозицијата повеќе ќе се ориентира, или нема воопшто да дискутира, бидејќи овие се верски празници, кои се прифатени од нас како опозиција дека и 23 октомври ќе помине но ние сакаме и ги кажуваме во овие три дена нашите мислења и цело време што го губиме овде го губиме точно поради 23 октомври. Ако не беше 23 октомври, секако овие празници ќе беа и во “Службен весник” излезени.

Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Илинка Митрева. Таа не е присутна во салата, тргнете ја од екранот.

Има збор пратеникот господинот Лазар Китановски и тој не е присутен во салата.

Има збор пратеникот Анита Кипаризовска Крстевска, повелете.

**Анита Кипаризовска Крстевска:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван господин министре, почитувани колеги пратеници,

Се јавив јас да го дадам своето мислење за овој Предлог закон. Притоа сметам дека постои, односно има потреба од донесување на истиот и ја поздравувам ваквата идеја. Меѓутоа, ќе кажам дека потребата од донесување на ваков закон е пред се, поради тоа што се регулира значајна тема од секојдневниот живот на граѓаните и предложените измени се во правец на прецизно и правично утврдување на државните празници, верските празници, како и другите празници во Репулбика Македонија. Притоа сметам дека со предложените измени ќе се отстранат многу нелогичности кои што се јавуваа во минатото, особено при празнувањето на верските празници. Меѓутоа, сметам дека ќе се овозможи и слободно практицирање на верските празници на граѓаните од различна вероисповет. Тоа особено, што во изминатите години за оваа прашање имаше идеолошко отстранување на она што во реалноста треба да претставува. Да ја претставува Репулбика Македонија како суверена и независна држава.

Јас не би сакала денеска да правам ретроспектива на се она што беше кажувано во изминатите денови, меѓутоа, не можам а да не се осврнам пред се, на дискусиите на опозицијата која во изминатите денови, како и кон многу други закони имаше еден конструктивен пристап, почнувајќи пред се, од барањето дали ќе треба или не да се обезбеди Бадинтерово мнозинство.

Јас сметам дека околу употребата на Бадинтеровиот принцип не стана никаков проблем, при што Комитетот за односи меѓу заедниците го реши тоа прашање. Понатаму, од страна на опозицијата се правеа обиди да се спори дали треба да се донесе овој закон во една или во две фази. Понатаму, слушавме дали било време или не било време. Дури некои се обидуваа да зборуваат за некакви фрустрации кои што ги имала, наводно Владата, меѓутоа, сите дискусии во краен случај се сведуваа на 23 октомври денот на Македонската револуционерна борба.

Мене ми е лично мило што слушам од пратениците на СДСМ дека го прифаќаат ВМРО и еволоуирале во тој во таа насока и морам да кажам дека како што сите знаеме, ВМРО е историја и треба да се празнува. Нам ќе ни биде уште помило, морам да кажам, доколку и покрај тоа што не обвинувате дека ќе сме го узурпирале овој празник како свој, нам ќе ни биде уште помило да го славиме заедно. Меѓутоа, сето тоа ќе биде добро кога и законски ќе биде регулирано. Заеднички со вас ќе славиме на заедничка прослава. Така и луѓето и граѓаните сите ќе можат да ги видат оние неспорни заложби од страна на сите граѓани да се слави 23 октомври денот на Македонската револуционерна борба.

Во контекст на Предлог законот би спомнала уште и би кажала дека воглавно за мене е прифатлив. Прифатливи се сите празници кои што се предлагаат од страна на Владата на Репулбика Македонија, меѓутоа, би сакала да кажам неколку збора во поглед на членот 2 и на ставот 2, каде што јас амандмански подоцна ќе објаснам повеќе за тоа. Сметам дека Владата треба а поразмисли и да прифати еден датум, 23 мај, како национален ден на Власите и тоа ние го предлагавме како национален ден на Власите за

припадниците на Влашката заедница, бидејќи сепак станува збор за еден од најзначајните датуми на Власите и влашката етничка заедница.

Иако би кажала само неколку збора дека станува збор за ден кој има долгогодишна традиција, кој далечната 1905 година бил признаен од страна на султанот тоа значи на 23 мај Власите биле признати како народ со сите права како и другите народи кои живееле во тогашната Отоманска империја. Притоа ќе кажам дека врз основа на овој правен акт на териториите како што се Грција, Епир, Тесалија, Албанија, Македонија, Унгарија, Романија и други држави каде живееле Власи биле формирани многу влашки институции како што се основни школи, средни школи, универзитети како и Академија прва на Балканот во Москополе-денешна Албанија.

По повод овој ден биле издадени многу списанија на влашки јазик како што е весникот “Македонија” и многу други национални и културни придобивки кои егзистираа се до 1913 година.

Напоменувам дека празникот кој сметам дека треба да биде прифатен од страна на Владата на Република Македонија како национален ден на Власите е исто така усвоен на Меѓународниот конгрес на Власите одржан во 1985 година во Манхајм-Германија.

Познато е дека од 1988 година здруженијата на Власите од Македонија го одбележуваат овој празник како свој празник. Би напомenала за значајноста на овој датум дека од 1990 година наваму скоро да нема статут на некое правно лице на Власите, здружение или партија во кој овој ден не е внесен како статутарна норма.

Би кажала дека овој датум 23 мај по падот на комунистичкиот режим се одбележува во Романија, Бугарија, Албанија, како и во многу други земји. Ние не бараме многу, за разлика од некои други, само се надеваме дека ќе биде прифатен и овој ден на Власите со што ќе бидат унапредени условите да им се овозможи на овие припадници да ја зачуваат и развиваат својата култура, да ги зачуваат суштинските елементи на нивниот идентитет, нивната вера, јазик, традиции, културното наследство. Притоа сметам дека, доколку овој Предлог-закон и овој закон го усвои, покрај предложените денови, и 23 мај, сметам дека ќе се поттикне духот на толеранцијата на меѓукултурен дијалог и притоа ќе се преземат ефикасни мерки за унапредување на взаемното почитување и разбирање и соработката меѓу сите лица кои живеат на територијата, без оглед на нивниот етнички, културен, јазичен или верски идентитет. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам и јас.

Пред да му дадам збор на следниот дискутант, сакам да кажам дека стално се менува редоследот на пријавените, јас ќе го прочитам пратеникот кој е на ред да дискутира за да знае ако е некаде надвор од салата да биде подготвен.

Во тој случај има збор пратеникот Шабан Салиу, а нека се подготви за дискусија пратеникот Марјанчо Николов.

Повелете господине Салиу.

**Шабан Салиу:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре.

Како и повеќето пратеници и јас би сакал да го искажам мојот став во поглед на овој Предлог-закон за празници. Меѓутоа, се надевам дека ќе бидам пократок во моето излагање, за разлика од некои мои колеги, поконструктивен.

Прво, сметам дека Предлог-законот за празниците во однос на дилемата дали да оди во една или две фази, добро е што се усвои правилото да оди во една фаза од проста причина дека лично сметам овој закон не е така обемен и сложен за да помине во две фази.

Добро е што основната цел на Предлог-законот не е само да се зголеми бројот на неработни денови, туку и да се зголеми бројот на одбележување на одредени битни историски празници и други значајни датуми.

Второ, не треба да правиме споредба со состојбата во поглед на празнувањето на други држави од многу причини, пред се економската состојба во таа држава, традициите и сл.

Точно е дека со новиот Предлог на закон се зголемува бројот на празниците, но сепак не е на долниот праг по бројот на неработни денови за празниците во однос на останатите држави.

Ваквото празнување односно зголемувањето на бројот на верските празници мислам дека е за 9, дава еден поголем простор и време за задоволување на верските потреби во кругот на приватноста во своето семејство.

Трето, сметам дека сите ние треба да ги сфатиме празниците и празнувањето како внатрешно чувство како индивидуално така и колективно односно дека истите празници ги задоволуваат освен општите, туку и приватните односно личните верски чувства и потреби.

Како битна компонента на овој Предлог-закон е карактерот изразен во членот 2. Празниците се однесуваат на сите граѓани на Република Македонија. Жално е кога некој од нас колегите се обидуваат освен правилната намена, битната карактеристика на секој празник да дадат и една политичка димензија со што се стекнува едно мислење кај граѓаните дека со празниците можат да се изменат одредени состојби во поглед на стабилноста на државата.

Сметам дека преку овој Предлог на закон дека пратениците и граѓаните треба да гледаат поголема димензија и тоа етничката толеранција и почит помеѓу сите граѓани во државата. Всушност овој Предлог-закон треба да овозможи рефлектирање на мултикултурниот и мултиетничкиот живот во државата.

Овој Предог на закон нема задача да прави меѓуетничка нетолеранција, напротив, истиот би

требало да ги релаксира граѓаните и да ги зближи преку празнувањата.

Лично сметам дека овој Предлог на закон треба заедно да го изгласаме со сите празници кои преку оваа расправа општата и амандманска ќе биде прифатена заедно да ги празнуваме и почитуваме, а со тоа ќе се почитуваме меѓу себе без разлика на политичка, национална и друга припадност во државата.

Без разлика дали празникот е на другиот и дали го разбира комшијата, сметам како празник треба да се почитува, бидејќи верувам не постои празник во светот кој би му наштетил на комшијата или на друг само затоа што не е по негово убедување или не сака да го прифати.

Јас како пратеник од мојата партија Сојуз на Ромите и како претставник на мојата заедница, имам поднесено два амандмани од кои едниот амандман се однесува на празникот Ерделез, во јавноста и меѓу нас познат како Ѓурѓовден 9 мај, меѓутоа, доколку најдам поддршка во поглед на другиот амандман кој го имам поднесено, а се однесува на Светскиот ден на Ромите 8 април овој амандман во поглед на Ерделез-Ѓурѓовден ќе го повлечам.

Значењето на Светскиот ден на Ромите, еден од колегите го потенцираше, меѓутоа, во неколку реченици сакам да кажам дека симболиката се однесува на тоа што на 8 април 1971 година се удрени темелите на модерно организирање и интегрирање на ромската заедница во светот.

Понатаму, на овој ден донесени се повеќе резолуции меѓу кои и Резолуцијата дека сите се согласни дека Ромите потекнуваат од Индија и тоа Северозападниот дел односно областа Пенџаб. Исто така има донесено Резолуција во поглед на името дека Ромите било каде да се населени, каде да живеат, ќе бидат слословувани со името Ром-Роми, за разлика од различните до тогаш употребени називи.

Исто така донесена е Резолуција за знамето на ромската заедница која е плава и зелена со црвено тркало на средина. Во поглед на јазикот усвоена е Резолуција за унификација, дека треба да се направ кодификација на јазикот по еден научен пристап.

Донесени се уште две резолуции, една од резолуциите е одбележување на егзодусот, колохаустот на Ромите за време на Втората светска војна каде оваа заедница претрпе голем број на масовни убиства по логори, стрелање и сл.

Исто така донесена е една Резолуција за борба против сите облици на дискриминација, расизам, апартхејд, ксенофобија и повеќе други резолуции кои во овој момент не би сакал да ги набројувам.

Од друга страна, сметам дека овој празник треба да се изгласа од проста причина бидејќи Ромите не се дволно застапени во јавните институции и други работни места, па со самото прогласување за неработен ден, до колку би се одбележало само за Ромите, нема буџетот на нашата држава да трпи некои поголеми загуби.

Мојот амандман го имам поднесено на членот 1 став 2, па доколку Владата даде согласност дека може да помине во членот 2 став 2 да се внесе каде се празнуваат неработни денови односно во Република Македонија се празнуваат и неработни денови се:-да се внесе во тој член став 2, тогаш ќе го повлечам мојот амандман од проста причина што сметам дека ова е во духот на заедничкото идно живеење, во духот на толеранцијата меѓу сите нас граѓани во државата и еден позитивен пристап за идното членување во Европската унија.

Ќе оставам преку општата односно амандманската расправа да се донесе одредено мислење односно амандман на Владата на Република Македонија 8 април да се изгласа како празник во нашата држава. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам и јас.

Има збор Марјанчо Николов, а нека се подготви пратеникот Тале Герамитчиоски.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

(Имаше мала пречка во техниката).

Како што кажав, би сакал и јас да се вклучам во расправата околу законот за празниците во Република Македонија. Притоа својата дискусија ќе ја ограничам на неколку аспекти од потребата за донесување на овој закон, а тоа се приоритетот за донесување на овој закон, начинот како се донесува законот и целите или ефектите кои би требало да се постигнат со донесувањето на овој закон.

Околу приоритетот, би сакал да изразам свое разочарување затоа што во изминатите 4-5 месеци од влаедеењето на владеачката позиција се изнаслушавме многу ветувања, многу коментари во смисла на тоа дека Собранието не може да ја следи динамиката на Владата, па како приоритет прво се наметнуваше донесувањето на нов деловник за работа на Собранието кој би ја подобрил ефикасноста на Парламентот, па дека Владата како приоритет го доби мандатот за спроведување на економски реформи кои треба да значат подобрување на животниот стандард на граѓаните, намалување на невработеноста и сиромаштијата и дека за тоа Владата има подготвен концепт кој не може да го реализира затоа што Парламентот не бил во состојба да ја следи динамиката што е предложена од Владата.

Од многу дискутанти беше истакнато дека до сега ние како парламентарен состав имаме добиено само еден економски закон од страна на Владата и тој закон го изгласавме додека други такви проекти сеуште не се ставени на дневен ред на ова Собрание.

Министерот во своето излагање најави или на некој начин сакаше да укаже дека Владата има подготвено концепти за намалување на невработеноста и за сиромаштијата, меѓутоа, за жал, ние не можеме да видиме дека се поставени на дневен ред на некоја од седниците во

Собранието. Значи, Владата ни ги доставува како приоритета измените и дополнувањата на Законот за празниците во Република Македонија.

Прашањето е ако приоритет за донесување на овој закон, како што истакна министерот, е пред се усогласување со директивите на законодавството на Европската унија, дали токму овој закон остана неусогласен со европските закони, па мораше како приоритетен да го расправаме на оваа седница или има дузина закони кои се однесуваат на попрактични прашања кои би требало да го олеснат владеењето на бизнисот во Република Македонија, надминување на пречките во работењето на претпријатијата односно прашања од економска сфера.

Зошто како приоритет Владата не го достави законот за решавање на проблемот на стечајните работници како прашање кое многу го експлоатираа и експонираа за време на предизборната кампања. На стечајците им беа ветувани дури одредени суми на средства кои ќе ги добиваат и во таа насока им беа дадени писма со потпис дека тоа ќе се случи кога тие ќе додјат на власт законот задолжително ќе биде донесен.

Зошто како приоритет Владата не достави закон за борба против невработеноста и намалување на сиромаштијата која изнесува околу 30% во Република Македонија.

Зошто како приоритет Владата не достави закон за решавање на проблемот со тутунопроизводството, посебно во делот на цените на тутунот, а исто така многу беше ветувано во текот на предизборната кампања и беа фактори кои директно влијаеа на граѓаните да дадат поддршка токму на оваа владеачка коалиција.

Наместо тоа ние добиваме закон за празници во кој како причина за приоритет за донесување е усогласување со европското законодавство. Мислам дека Владата треба сериозно да размисли за своите приоритети, да ги преиспита и владеачкото мнозинство да почне сериозно да се занимава со она што го ветуваше за време на кампањата на изборите за што граѓаните го дадоа својот глас.

Да кажеа тогаш дека приоритет ќе им биде да се зголеми бројот на неработните денови за 4 дена во Република Македонија, тоа на сите стечајци и невработени нема ништо да им значи, на нив секој ден им е неработен.

Околу начинот на донесување на законот, иако во образложението стои дека не се работи за сложен и обемен закон и затоа Владата предлага да се донесе во една фаза, самата расправа во Собранието покажа дека за жал тоа не е така и дека имаше потреба законот во најмала рака да се донесе во две фази, а тоа значи да се отвори јавна расправа за некои прашања кои се отвораат со донесувањето на овој закон. Дека Владата планира со донесувањето на овој закон да се придонесе за релаксирање или подобрување на меѓуетничката толеранција и дека сака да придонесе секој граѓанин да има време да ги задоволува своите верски потреби, стои. Меѓутоа, дали тоа мооже еднострано да го утврди само Владата и Собранието и дали не ќе беше подобро да се отвореше јавна расправа. Да ги земеме верските празници, ако целта на законот е граѓаните да ги прифатат овие празници, да ги чувствуваат, да ги почитуваат и на тие денови да ги празнуваат соодветно на верата, зошто не се побара мислење од Македонската православна црква и од другите верски заедници кои согласно законот работат во Република Македонија. Дали поддршката што ќе ја дадеа тие немаше да значи од страна на граѓаните полесно прифаќање на овие предлози за празници. Факт е дека и сега тие ги слават, особено затоа што се работи за Божиќ и Велигден, меѓутоа за другиот празник зошто не се побара мислење од овие верски организации во насока пред се да дадат своја согласност и да упатат порака дека овие закони,  овие празници се прифатливи. Тука Владата потфрли и во многу што мислам дека со донесувањето на овој закон и начинот на неговото донесување нема да се постигне саканиот ефект.

Во делот на другите празници кои што се предлагаат, да го земеме 23 октомври. Целта Владата или владеачкото мнозинство ја постигна, а тоа е да имаме спротивставени мислења во однос на овој празник. Меѓутоа, зошто е така, дали така треба да биде? Дали Владата кога го зацртала тоа како правило - ќе ги пуштиме во Парламентот, позицијата-опозицијата ќе се натпреваруваат кој повеќе ќе го напаѓа или ќе го брани 23 октомври. Зошто не се отвори една стручна дебата, зошто не се праша МАНУ, зошто не се праша Институтот за историја, зошто не дефинираат што значи 23 октомври. Дали е тоа ден на основање на ВМРО, дали е ден на Македонската револуционерна борба и кој дел од ВМРО ќе го почитуваме. Јасно беше отворено во текот на дебатата дека имало повеќе струи и сега граѓаните што ќе слават на 23 октомври. Ќе правиме празник кој ќе има поделено мислење кај граѓаните. Зошто не се отвори јавна расправа? Зошто не се донесе законот во повеќе фази и сите ќе го почитувавме законот. Сите сме во најмала рака свесни дека на 23 октомври се формирала една организација која има големо значење за македонската историја, меѓутоа, подобро би било и поиздржан би бил концептот на законот доколку имаше јавна расправа и се разрешеа некои дилеми.

Пратеничката Валентина Божиновска добро кажа, како граѓаните ќе го чувствуваат 23 октомври, кога ќе се слави тој ден, кој дел од ВМРО ќе го слави. Мислам дека брзајќи партијата да си донесе закон со кој ќе се поистоветува нивното постоење, ќе си направи лоша услуга и наместо да оствари единство меѓу народот, повторно ќе доведе до поделба. Вака не се носи закон и вака не се тераат процесите во државата, особено оние кои отвораат одредени дилеми кај секого од нас. Тоа е несериозно однесување од

страна на владеачкото мнозинство. И да се донесе законот, концептот мислам дека ќе биде погрешен и многу труд ќе треба да вложи владеачкото мнозинство, а пред се ВМРО да го наметне овој закон граѓаните да го чувствуваат и да го празнуваат, без таа јавна дебата и без отворање на спорните теми и прашања кои постојат во таа организација. Дека се обидоа да префрлат дека се бореле и против претходниот систем. Клучно е прашањето кој дел од ВМРО точно се залагал за самостојна и независна Република Македонија и тоа требаше во јавна расправа да се види, а не овде во Парламентот да го објаснуваме. Мислам дека концептот на Владата околу донесувањето на овој закон е погрешен и сега на крајот мислам дека целите и ефектите од донесувањето на овој закон ќе бидат минимални, да не речам дека ќе бидат контра продуктивни во смисла на тоа да се оствари обединување меѓу граѓаните. Прашање е и дали ќе се донесе законот, бидејќи за истиот е потребно Бадинтерово мнозинство и многу битно ќе биде како Владата и владеачкото мнозинство ќе се однесува кон амандманите поднесени од страна на етничките заедници. Ако не успеат да ги согласат, а би им препорачал тоа да го направат пред да почне амандманската расправа, за да го обезбедат тоа Бадинтерово мнозинство, барем малку да го спастрат законот, нема ни да го донесеме законот, а потрошивме три дена овде во Собранието да разговараме за теми за кои ќе нема крајна завршница.

Затоа, мислам дека со ваквиот предлог и ваквиот начин на донесување на овој закон и неотворањето на повеќе аспекти, не го отворивме дури ни економскиот аспект од законите, Владата многу греши со своето однесување и доколку не се направи обид да се расчистат овие прашања, јас ќе размислам за тоа како ќе гласам по овој закон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор министерот за труд и социјална политика. Повелете.

**Љупче Мешков:** Само во еден дел, не знам дали е реплика или дискусија, не е ни многу битно, значи во делот што почитуваниот пратеник го спомена дека Владата во Предлогот на овој закон не направила консултации со Македонската православна црква, јас го уверувам дека или му е погрешна информацијата, или не знае, заради тоа што такви информации се направени со Македонската православна црква и ако не верува го поканувам утре во колку сака час да појдеме заедно до Македонската православна црква и да се увери дека тезата која овде ја постави дека такви консултации се правени му е погрешна. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Марјанчо Николов. Повелете.

**Марјанчо Николов:** Јас би го потсетил министерот дека потпаролот на Македонската православна црква господинот Тимотеј има изјава во која јасно кажува дека Македонската православна црква не се согласува со овој Предлог на верски празници кои треба да се слават во Република Македонија. Затоа министерот, доколку има, доколку постоела таква согласност од Македонската православна црква, во медиумите ставот од страна на Македонската православна црква беше друг и сега господине министре што е точно, да одиме да видиме зошто не обезбедивте согласност од Македонската православна црква, зошто се дадени изјави дека не се согласува и дека е потребно можеби некои други верски празници наместо овие да се стават за празнување, или помалку.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Госпоѓа Бендевска, вие сте за реплика или за збор? (За реплика)

Повелете вашите три минути.

**Весна Бендевска:** Сепак ќе го искористам своето право за говор.

**Иван Анастасовски:** Добро, во тој случај продолжуваме се расправа.

Има збор пратеникот господин Тале Герамитчиоски, а нека се подготви пратеникот Фазли Велиу. Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван потпретседател, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Еве изминува третиот ден од оваа дискусија по еден Предлог на закон за кој што верувајте немам намера ниту да одолговлекувам, ниту да го трошам времето намерно, но дозволете да ги искажам своите ставови, своите впечатоци од досегашната дискусија. На почетокот бев пријавен за дискусија, сакав да дискутирам по одредена тематика, со одредени идеи и ставови. Но, слушајќи ги поголемиот дел на дискусиите морам да признам дека сменив некои ставови бидејќи навистина сега уште повеќе не ми е јасно зошто се пристапи кон овој начин на усвојување на овој закон.

Имено, се придружувам кон оваа група на пратеници кои што кажаа дека законот е важен, како впрочем и секој закон кој што регулира одредена материја и не би се сложил дека не е потребно да се донесе измена или дополнување на Закон за празници во кој што треба да се регулира оваа проблематика. Но исто така се придружувам на онаа група на пратеници кои што отворено кажаа резерви односни дилеми, зошто сега, зошто во овој момент, поткрепувајќи го ова размислување со констатацијата дека на сите вас почитувани пратеници, а најмногу на Владата им беше јасно дека ќе се отвори широка дебата, дискусија, несогласувања, на еден начин ќе се отвори Пандорината кутија и тоа се случи и оваа дебата трае предолго имајќи ги во предвид оние агенди кои што Владата постојано ги потенцира за подинамична работа и поефективна работа на Парламентот. Или се враќам повторно на прашањето на приоритетите без да прејудицирам кој закон е поважен, кој закон не е поважен.

Она кое што лично кај мене предизвика разочарување ќе го кажам во едно свое размислување и констатација. Изминативе 15-16 години на политичката сцена на оваа плуралистичка Македонија нема маса, нема трибина на која што седат повеќе луѓе од различни политички провиниенции и под претпоставка дека разговорите течат мирно без набој или нервоза на докажување кој е поголем Македонец итн., секогаш се отворало прашањето за потребата од национално помирување помеѓу Македонците и уште повеќе меѓунационално помирување кај сите заедници кои што живеат во Република Македонија. Нема политичка трибина на која што сериозно ова прашање во изминативе 15 години не се отворило, но исто така не се поставиле и другите пропратни прашања како, на кој начин ова да биде спроведено. Еден од законите кој што дава добра шанса да се поместиме од мртва точка е и Законот за празниците во Република Македонија. Јас тоа така го сваќам и затоа за мене овој Предлог во кој што недоволно партиципираше пред се научната јавност, предизвика најразлични дилеми.

Зошто ова го зборувам? Реалната состојба во Република Македонија е таква што таа е мулти конфесионална држава, значи имате повеќе заедници со различни вероисповести, со различни традиции и со различно прифаќање за празнување на одредени датуми, дали од културно историското минато, дали од верската традиција односно она што го налага верата. Ако добро се изанализираат предлозите во законот се воочува една голема диспропорција на новите предлози. Огромен дел на новите предлози припаѓаат на верските празници, а помал дел на историските значајни датуми во Република Македонија. И кога се прави оценка на некоја кратка анализа, мора да се направи дисктинција помеѓу тие два блокови на предлози и да се потенцира што е тоа што пречи. Не би сакал да се повторувам со пратениците, да го потенцирам она кое што тие веќе го кажаа. Но навистина е збунувачко кога во вториот дел, значи ќе проанализирам малку за блокот на верските празници, се слушаат најразлични информации, најрзлични тврдења и ни едно не може да биде поткрепено во функција на потврдување или негирање на она кое што страната го тврди. Сега пред малку слушнавме дека црквата била консултирана, имајќи во предвид за различни настани кои што ги тангираат црковните прашања, а произлегуваат како информации од нив самите, не би ме чудило да нема усогласеност и во овој поглед во делот на пристапот кон предлогот на славање на одредени верски празници. И тука јас верувам дека министерот направил консултации, но исто така верувам дека и поголем дел на членовите на повеќе различните верски заедници не се сложуваат со одредени предлози. И тоа не е за чудење бидејќи постои еден интересен феномен, јас би се осудил во православната вероисповед само да кажам дека различни традиции и обичаи на една мала територија на Република Македонија различен пристап имаат на празнување, со различни обичаи, иако припаѓаме на една вероисповест. Ако направиме кратка анализа што би се случило на помешување на повеќе вероисповести и сите да бидат ставени во еден кош со ставање во еден предлог на еден закон, тогаш навистина е дискутабилно. Јас сега го отворам најзначајното прашање по мене во однос на овој Предлог: Кој го изготви овој предлог, по кои критериуми, со какви оценки и проценки и какви компромиси се правени. Ако тоа го направила администрацијата во Министерството за труд и социјална политика, тогаш мислам дека е избран погрешен пристап бидејќи се знаеше дека ќе се отвори Пандорината кутија, се знаеше дека е потребно за значајните историски датуми да проговорат повеќе авторитети и институции во системот кои што се померодавни, помериторни во оценките дали 23 октомври треба да се слави или не треба да се слави, дали е зачеток на партијата ВМРО-ДПМНЕ или тоа е навистина почеток на македонското револуционерно востание итн.

Јас не би навлегувал лично во такви оценки и проценки, но ми пречи лично зошто јавноста не е оставена да се произнесе по однос на ова значајно прашање. Видете, со друг закон може да се направи некоја погрешка во проценката. Во крајна линија постојат и технички грешки во законите.

Но, во овој случај, на навистина краток текст што кажува многу, можно е да се отворат дополнителни проблематични односи на национално и на меѓунационално ниво. Тоа значи дека безпотребно го генерираме овој момент. Ако во анализата, што верувам дека министерот ја има, ја поседува, верувам дека е тоа така, учествувале политичките партии во коалицијата што е на власт и при тоа се посегнувало по најразлични компромиси заради постигнување на одреден популизам или, уште повеќе да се зголеми популарноста кај населението, тогаш исто така е избран погрешен пристап. Верувам дека на краток рок тоа драстично ќе се почуствува.

Ако е направен тој компромис и со другите заедници во Република Македонија, со нивните верски празници за кои што самите кажуваат во своите искажувања дека не се задоволни од предлозите и тоа го манифестирале не само преку говорите на пратениците, туку го манјфестирале и преку бројните амандмани што ги имаат дадено, тогаш после усвојување на овој закон за кој што верувам дека мнозинството, барем така парламентарната демократија дозволува и математиката, ќе го усвојат, ќе создадеме еден проблем на подолг временски рок.

Што ќе се случи ако амандманите не бидат прифатени? Или, што ќе се случи, бидејќи добивме потврда дека со Бадинтерово мнозинство треба да се усогласи овој закон и се

влезе во пазарење, како што тоа се прави деновививе, значи се усвојат одредени значајни верски празници за заедниците во Република Македонија кои што не се толку важни и значајни за мнозинството на населението, тогаш навистина ќе имаме проблем. Тогаш ќе имаме на сила закон што треба да го почитуваат мнозинството кои не го прифаќале тој предлог, а малцинството, кое изгубило на гласањето и на кои не им биле прифатени сугестиите и забелешките, нема да ги почуствуваат како свои.

Почитуван министре,

Можеби јас грешам, но мојот впечаток е дека пропуштивте или пропуштаме една одлична можност да постигнеме едно национално и меѓунационално единство, барем во овој процес. Ама, за тоа беше потребен дијалог, за тоа требаше трпение, за тоа требаше доблест да се сослушаат повеќе страни. Пратениците не можат секогаш мериторно, меродавно да оценуваат, да проценуваат. Можат да прочитаат текстови што претходно други им ги подготвиле, бидејќи не се стручни за оваа проблематика, за оваа област, безпотребно да навлегуваат во историското минато, да направат грешки што можат да предизвикаат уште поголема збунетост во јавноста заради тие грешки, ненамерни се разбира, бидејќи не сме стружни за таа проблематика и пак се враќаме на потребата од јавна дебата.

За мене е клучно прашањето зошто се исклучува институцијата јавна дебата? Секаде сме ја применувале за значајни закони, а се согласивме дека овој закон е значаен. За мене, решението на овој проблем, бидејќи сме со крајот на дискусиите, завршуваме, го поставувам прашањето, прејудицирам дали потпретседателот на Собранието, после заклучувањето на оваа расправа ќе го стави на гласање и дали воопшто постои расположение кај мнозинството во Парламентот да се изгласа потребата овој закон да биде донесен во две фази? Тоа е решението од вештачки создадената криза, ако може да стане збор за криза, бидејќи ги полнме весниците, 3, 5 денови, се отвораат јавни дебати, секако се отвори јавно прашањето.

Или, може да го донесете законот, може тоа да се случи но, дали како автор, бидејќи вие се рачунате како автор на законот, не директно, но секогаш министерот кој го брани законот барем е пишан дека е автор на законот, ќе се чувствувате добро, доколку навистина овој закон предизвика дополнителни турбуленции и недоразбирања во јавноста и претставува иден генератор на нарушени национални или меѓунационални односи во Република Македонија.

Ако се усвои во две фази ќе се остави простор да се размисли за сите укажувања кои на оваа говорница или од место беа искажани од страна на пратениците, ќе се слушне мислењето на МАНУ, на Институтот за национална историја, на верските заедници кои што, на Светиот Синод ќе биде поставено тоа прашање, не знам дали било поставено прашањето, јас ја немам таа информација или сте добиле согласност од владиката, тоа е едно дискутабилно прашање што деновиве постојано е актуелно. И, би сакал, доколку е можно, ако ова добие правилен тек на настаните, да постигнеме една консензуалност, една заедничка прифатливост, барем во овој Парламент, бидејќи, ќе завршам онака како што почнав, за мене овој закон е потребен во Република Македонија, со констатација дека не би сакал да биде иден генератор на кризи во Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика, пратеник господин Рамадани Агим, повелете.

**Агим Рамадани:** Ве поздравувам.

Немав намера денеска да дискутирам, меѓутоа ме натера господинот Тале Герамитчиоски да му реплицирам по однос на тоа колку е човекот загрижен за мојата нација и мојата вера. Со оглед на тоа што гледам дека рони крокодилски солзи и се труди да го брани тоа што е мое, односно моја нација, моја вера.

Ќе му кажам дека му благодарам, јас не сакам ти да ме браниш. Народот ме пратил мене и сите други Албанци тука кои се во Парламентот, ние да говориме за нашата вера и за нашата нација. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Контра реплика, една минута, пратеник господинот Герамитчиоски Тале. Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Нивото на културата е тоа. Ако човекот така разбрал, можам само да констатирам дека длабоко жалам што сум ги повредил неговите чувства.

Ниту ми била намерата да зборувам во негово име, ниту за неговата заедница. Јас зборував за општиот амбиент во Република Македонија. Во крајна линија, сите ние сме избрани од народот да искажуваме ставови и никако, тоа е потполно погрешен пристап ако сите се затвориме во своите трла и мислиме дека така во Република Македонија ќе одиме напред.

Оваа држава го има овој амбиент што го има и само со градење на заеднички односи и заеднички чувства може да оди напред.

Навистина жалам ако тој така се почуствува.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Јас само сакам пред да ви дадам збор колега Валиу, времето што е останато дали ви е доволно за вашата дискусија или би сакале да се направи пауза, па утре да започнеме со вас?

Дали можете на тоа да ми одговорите?

Јас ве замолувам да ми одговорите дали времето што преостанува ви е доволно?

**Фазли Велиу:** После репликите, мислам дека не ми е доволно времето за да имам збор.

**Иван Анастасовски:** Добро.

Во тој случај...

(Пратеникот Роза Топузова-Каревска регагира од место дека е таа следна за говорење).

Вие останувате за утре.

Утре продолжуваме со господинот Фазли Велиу, вие ќе бидете наредна на ред. Бидејќи вие колешке Роза се одјавувавте цело време...

(Пратеникот Роза Топузова-Каревска интервенира дека сака да говори).

Да, останувате вие утре, после дискусијата на господинот Фазли Велиу со кого утре ќе започнеме во 11,00 часот по однос на претресот по точката што е на дневен ред.

За денеска, овде ја затворам дебатата, продолжуваме утре во 11,00 часот. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,37 часот)